ПОДЕМОТ НА ТЕРОРИЗМОТ ВО СЕВЕРЕН КАВКАЗ

ВРАЌАЊЕ НА ТАКТИКАТА „РОВОВСКА ВОЈНА“

„HANDLEY PAGE HP-52 HAMPDEN“

МУЗЕЈ НА ВОЕНАТА АВИЈАЦИЈА НА НОРВЕШКА

# ШТИТ

Број 178
Август 2024
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Припадниците на Извидувачкиот вод на 2. пешадиски баталјон реализираа Обука во летни услови



# Претседателката Гордана Си
# на Генералштабот и Мин

Претседателката Гордана Сиљановска Давкова, на почетокот на јули ја оствари својата прва официјална посета на Генералштабот на Армијата и Министерството за одбрана, при што оствари средби со министерот за одбрана Владо Мисајловски, со началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, како и со генералите во Армијата и со раководните лица во Министерството. По пречекот со воени почести, претседателката Сиљановска како врховен командант на Армијата беше брифирана од страна на началникот на Генералштабот и министерот за одбрана за актуелната состојба, за процесите на трансформација, модернизација и опремување, за обуката и активностите кои се од значење за извршување на мисијата на Армијата, како и за учеството во операциите со кои придонесуваме кон колективната безбедност.

Претседателката Сиљановска Давкова истакна дека ќе се продолжи со неопходното вложување за модернизација на Армијата и кон подобрување на условите за живот и работа во сите сместувачки капацитети, како и во армискиот полигон „Криволак“. Претседателката изрази очекување дека Армијата, како и досега, ќе продолжи со истата посветеност да ја исполнува својата уставна должност, да го штити територијалниот интегритет и независност, а армиските припадници да продолжат да бидат пример за професионализам, дисциплина



# иљановска Давкова во посета нистерството за одбрана

и посветеност, како што доликува на земја членка на НАТО. На средбата меѓу министерот Мисајловски и претседателката Сиљановска Давкова, беше потврдена посветеноста за унапредување на безбедноста, мирот и стабилноста во земјава, во Регионот, во Европа и пошироко. Беше констатирана заложбата дека Македонија треба да има брз економски напредок, сигурна и стабилна иднина. Министерот Мисајловски и претседателката Сиљановска Давкова потенцираа дека припадниците на Армијата имаат најголема почит и доверба кај македонските граѓани и дека ќе преземат максимални напори за континуиран развој и напредок на одбраната. Во тој контекст, тие истакнаа дека македонската Армија заслужува да има современа опрема, а нејзините припадници треба да имаат можност за развој и напредок во кариерата. Мисајловски и Сиљановска Давкова разговараа за идните вложувања во одбранбениот сектор и за модернизација, за зајакнување на меѓународната одбранбена соработка со сојузниците и партнерите, како и за унапредување на стандардите и условите за работа на припадниците на Армијата. Во контекст на колективната безбедност, Мисајловски истакна дека активно ќе партиципираме во операциите за заштита на Регионот и на Источното крило на Алијансата. На средбата со генералот Ѓурчиновски беа посочени и очекувањата за остварување на планираните процеси и евентуалните предизвици со кои може да се соочиме во областите кои се големо значење за функционирање на Армијата.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчовска-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, полковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, полковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит





8
**Комитети и работни тела во НАТО (5) (CNAD, DPC, CDC)**

13
**Под знамето на ОН**
**Релевантноста на мировните операции (2)**

# содржина

ШТИТ | година XVI | број 178 | август 2024

ИНФО
**Министерот за одбрана Мисајловски на Самитот на НАТО во Вашингтон** ........ 6

На прва линија
**Подемот на тероризмот во Северен Кавказ** ........ 10

На прва линија
**Енергетска безбедност** ........ 16

Глобал
**Кариерен развој на подофицерите (2)** ........ 23

Глобал
**Причини за појава на приватни безбедносни актери** ........ 26

Родови перспективи
**Војната во Украина и организацијата на жените** ........ 28

Вооружување
**Јужноафриканското оклопно извидувачко возило „ROOIKAT 76“ 8x8** ........ 32

**„Лесно тактичко услужно возило“ „GM Defense Light Tactical Utility Vehicle“** ........ 34

**Кратка историја на картографијата: Важноста на мапите за цивилизациите** ........ 41

Аеродневник
**Едрилица „Инка“** ........ 46

Воени музеи
**Музеј на Воената авијација на Норвешка** ........ 48

Уметниците и војната
**Кузма Сергеевич Петров-Водкин Соцреалистичка икона и предвесник на општествените промени** ........ 54





34
**Авион „Kawasaki C-1“**

44
**НОРА - Б52 НГ „ПЕРУН“**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Армијата во поддршка на институциите*

*И оваа година, како резултат на климатските промени на глобално ниво и енормно високите температури, нашата држава се соочи со пламените стихии на поголем број пожари. Институциите, надлежни за справување со пожари, веднаш излегоа на терен и деноноќно се обидуваа да ги изгаснат или барем да ги ограничат и да ги стават под контрола разгорените огнови. Со оглед на бројот на пожарите и непристапноста на терените зафатени со пожари беше неопходна помош од Армијата. За да се активираат силите на Армијата во поддршка на институциите во гаснењето на пожарите, според Законот за управување со кризи, Владата, преку посебен механизам треба да прогласи кризна состојба во државата или во определени нејзини делови. По прогласување на кризна состојба и донесената одлука од претседателката Гордана Сиљановска-Давкова, Армијата се вклучи во гасењето на пожарите со ангажирани 100 припадници и два хеликоптери „МИ 8/17“, а подоцна беше упатен и дополнителен персонал составен од 200 припадници. Припадниците на Армијата од 2. и 3. пешадиски баталјон, како и од КОД и од воздухопловниот ВИНГ, одговорно и пожртвувано се ангажираа во гасењето на пожарите на сите локации според побарувањата од страна на ЦУК и во непосредна координација со другите вклучени субјекти. Хеликоптерите од воздухопловниот ВИНГ досега дејствуваа во гасењето на пожарите од воздух, со исфрлени повеќе од 200 тони вода но, исто така, оваа единица преку Оперативниот центар помага во координирањето на летачките активности на хеликоптерите од Турција, Словенија, Србија и Црна Гора. Исто така, на Армискиот полигон „Криволак“ во реонот на полигонот, пожарите беа ставени под контрола, а притоа одреден персонал е во постојана готовност и за многу кратко време може да биде ангажиран за заштита на виталните инфраструктурни објекти на полигонот доколку тоа е потребно.*

*Обученоста на припадниците на Армијата за гасење пожари е според плановите за обука каде сите единици, во соработка со териториjалните противпожарни единици, спроведуваат противпожарна обука и ракување со противпожарни средства, гасење со цистерни и со други специјални средства кои ги имаат противпожарните единици, чија основна намена е справувањето со пожарите. При ангажирањето во гасењето на пожарите се почитуваат сите безбедносни процедури и се преземаат сите пропишани мерки за безбедност и лична заштита на припадниците на Армијата.*

*Во досегашниот период на ангажирање, благодарејќи на комуникациските и координативните вештини, на хиерархиската структура во комбинација со дисциплинираниот пристап и обемната обука, на Армијата ѝ се овозможи да има предност во гасењето на шумските пожари. Способноста беспрекорно да се интегрираат со други инволвирани субјекти, значително ја подобрува ефикасноста во напорите за гаснење пожари. Претседателката Сиљановска-Давкова им изрази признание на сите припадници на Армијата кои професионално и посветено се ангажираа во справувањето со пожарите.*

*Ќе заклучиме дека Армијата, во согласност со својата мисија и задачи, секогаш останува максимално подготвена во извршувањето на својата уставна обврска и задачи од мисијата која вклучува и нејзино ангажирање за помош на граѓаните и на институциите при справување со елементарни непогоди, секогаш кога тоа било потребно.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Министерот за одбрана Мисајловски на Самитот на НАТО во Вашингтон





НАТО сојузот е основан 1949 г. кога 12 земји го потпишаа Северноатлантскиот договор во Вашингтон и, токму во Вашингтон, од 9 до 11 јули се собраа лидерите на 32 земји членки на НАТО по повод Самитот на НАТО и 75-годишнината од основањето на НАТО. Главна тема на Самитот беше поддршката за Украина, а претседавач на Самитот беше генералниот секретар Јенс Столтенберг. Министерот за одбрана Владо Мисајловски беше дел од владината делегација предводена од премиерот Христијан Мицкоски, која учествуваше на Самитот. Во состав на делегацијата на Министерството за одбрана беа шефицата на Кабинетот, Елизабета Чуповска-Ристова и Кети Ристеска, шефица на Одбранбениот оддел на постојаната делегација при НАТО. За време на престојот во САД, министерот Мисајловски, заедно со останатите членови на македонската делегација оствариja значајни средби со конгресмени, со претставници на тинк тенк-заедницата, како и средби со претставници на бизнис-заедницата. Покрај учеството на Состанокот на Северноатлансткиот совет, на маргините на Самитот, министерот Мисајловски, заедно со колегите од Италија, Албанија и Бугарија потпишаа Писмо на намери за воспоставување хармонизиран коридор за воена мобилност во рамки на Коридорот VIII. Ова е првиот меѓународен документ потпишан од страна на новата влада. Целта на оваа иницијатива е да се овозможи побрз проток на воените сили и опрема за Алијансата преку поедноставување на националните процедурите за граничен премин, особено во услови на криза. Со потпишувањето на Писмото за намери се преземаат чекори кои значително ќе ја зголемат ефикасноста на воената логистика и операции, во случај на потреба.
Исто така, проектот ќе придонесе за унапредување на координацијата меѓу земјите потписнички, како и за инфраструктурата долж Коридорот, со што ќе се овозможи и полесен пристап кон армискиот полигон „Криволак“. Коридорот ќе се протега од Италија, преку Албанија и Македонија, до Бугарија, со можност за проширување. Оваа иницијатива е практичен придонес кон напорите на Алијансата за зајакнување на одвраќањето и одбраната на целата територија, придонес за зајакнување на воената мобилност во Европа, како и кон зајакнувањето на соработката меѓу НАТО и ЕУ. Министерот Мисајловски, заедно со членовите на делегацијата од Министерството за одбрана, во Вашингтон учествуваше на свечениот прием за министри за одбрана на земјите членки на Алијансата во организација на секретарот за одбрана на САД, Лојд Остин. Овој настан беше одлична можност за запознавање со колегите од останатите земји членки на НАТО и можност за дискусија во насока на зајакнување на билатералната и мултилатералната соработка помеѓу министерствата за одбрана.
Во рамки на посетата на САД и одбележувањето на 75-годишнината од основањето на НАТО, министерот Мисајловски оствари средба и со потсекретарот за политички прашања во Стејт департментот, Џон Бас. На средбата беше потврдено долгорочното стратешко партнерство и соработката помеѓу САД и Македонија. Македонската делегација оствари средби и со претседателот на Чешката Република Петар Павел и со премиерката на Естонија, Каја Калас, на кои се разговараше за интензивирање на меѓусебната соработка и за поддршка за ЕУ интеграциите. На завршиот ден на Самитот на НАТО во Вашингтон, централна тема беше поддршката за Украина и соработката со партнерските земји од Индопацификот. Македонија останува посветена на заложбите за континуирана поддршка на Украина. Македонската делегација ја искористи посетата на САД и за остварување средби со високи политички претставници. Беа остварени средби и со сенаторката Џин Шахин, со сенаторот Том Тилис и со членовите на набљудувачката група од Сенатот за НАТО, како и со конгресменката Клаудија Тени, копретседавач на македонската група за пријателство во Конгресот и со конгресменот Брендан Бојл. Мисајловски учествуваше и на работните средби со конгресмените Пит Сешнс, Роберт Адерхолт, Џо Вилсон и Џон Муленар и со поранешниот советник за национална безбедност на претседателот Барак Обама, генералот Џејмс Џонс и со Ричард Гренел, поранешен директор на американската разузнавачка служба.
Министерот Мисајловски потенцираше дека Македонија останува на патот за придонес кон глобалниот мир и колективната безбедност и заштитата на граѓаните на Алијансата. На средбите беше потврдена заложбата на македонската влада за стабилно финансирање на одбраната, придонесот во меѓународните операции, поддршката на Украина, како и заложбите за модернизација на Армијата и значително подобрување на воената инфраструктура. На сите овие средби беше нагласено дека поддршката од САД, но и од останатите сојузници од ЕУ, во наредниот период ќе биде исклучително важна во остварување на стратешките интереси на земјата, владеење на правото, економски напредок и стабилен регион.

# Министерот Мисајловски во посета на припадниците на Баталјонот за специјални сили „Волци“

Министерот за одбрана Владо Мисајловски, заедно со началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, ги посетија припадниците на Баталјонот за специјални сили „Волци“ во касарната „Илинден“ во Скопје. За време на посетата министерот Мисајловски беше брифиран за историјатот на единицата, за мисиите и задачите кои ги остварува, за учеството во мировните операции, како и за операциите за заштита на Источното крило на Алијансата, мисијата „eVA“. Министерот Мисајловски, во разговор со припадниците на Баталјонот, упати искрена благодарност за нивната служба и непоколеблива посветеност. „Вие сте инспирација и херои на нашата нација. Чест и привилегија ми е да застанам пред вас, припадници на најелитната единица на Армијата. Вие сте нашите чувари на мирот, олицетворение на храброст и посветеност во службата, вие сте значајни за Армијата и за граѓаните“ рече министерот Мисајловски и додаде дека ќе направи сè за овој Баталјон, но и за останатите единици на Армијата, да бидат на уште повисоко ниво на подготвеност и опременост. При посетата, министерот Мисајловски имаше можност да се запознае и со дел од опремата која ја користат припадниците на единицата и да ги посети објектите на Баталјонот за специјални сили.





# Министерот Мисајловски во посета на Командата за операции

Министерот за одбрана, Владо Мисајловски, заедно со НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, ја посети Командата на операции во касарната „Боро Менков“ во Куманово, каде што оствари средба со командантот, бригадниот генерал Бесник Емини, началникот на Штабот бригадниот генерал Мирче Ѓоргоски и со најодговорните офицери во Командата. За време на посетата министерот Мисајловски беше брифиран за мисијата и задачите кои ги остварува оваа команда, главниот двигател на Армијата во чиј состав се најголемиот број армиски единици од сите родови и служби кои заеднички придонесуваат за заштитата на територијалниот интегритет и суверенитет на државата и во операции за поддршка на мирот и безбедноста предводени од НАТО, Обединетите нации и Европската Унија. Министерот Мисајловски на брифингот упати огромна благодарност до сите припадници на Командата и се заблагодари за сето она што го направиле досега и порача дека максимално ќе ги поддржи сите активности и потреби кои ги има Командата и единиците од нејзиниот состав. „Сакам одблиску да ги запознам нашите припадници, чувари на мирот и безбедноста, да се запознам со вашите потреби и состојби и да направиме сè што е потребно вашата работа да ја извршувате беспрекорно. Во мене сакам да гледате сојузник на којшто можете да се потпрете“, порача министерот Мисајловски. За време на посетата, министерот Мисајловски беше брифиран и за идните чекори на Командата за операции, за нејзиното опремување и модернизација, за обуките и вежбите и за прифаќањето и имплементацијата на НАТО стандардите.







# Комитети и работни тела во НАТО (5) (CNAD, DPC, CDC)

Во НАТО е формирана широка мрежа на комитети кои покриваат различни теми, почнувајќи од политички, воени, до технички или оперативни прашања. Дополнително, постојат и други форми на соработка, партнерство и дијалог (бордови, агенции, организации), кои ги поткрепуваат односите помеѓу НАТО и другите земји партнери на Алијансата

Припадници на постојаните делегации на нациите во седиштето на НАТО во Брисел, Белгија, односно национални експерти од државите сојузнички и партнерите, присуствуваат на состаноците на комитетите што се одржуваат со персонал од Меѓународниот штаб и Меѓународниот воен штаб, а учество земаат и претставници на стратешките команди на НАТО. Конкретно, во оваа прилика ќе бидат опфатени следните комитети: Конференција на национални директори за вооружување, Комитет за дигитална политика и Комитет за сајбер-одбрана.

**Конференција на национални директори за вооружување (Conference of National Armaments Directors - CNAD)** е значаен комитет на НАТО, одговорен за унапредување на соработката помеѓу нациите во областа на вооружувањето. Мисијата на овој комитет е да овозможи мултинационална соработка за испорака на интероперабилни воени капацитети, со цел подобрување на ефективноста на силите на НАТО во целиот спектар на сегашни и идни операции. Покрај редовни состаноци на ниво на претставници на национални директори за вооружување (највисоки национални претставници, одговорни за одбранбени набавки во земјите членки и партнерите на НАТО), учествуваат и претставници од страна на националните делегации со седиште во НАТО. Претседавач на Конференцијата на националните директори за вооружување е генералниот секретар на НАТО.  Комитетот е основан во 1966 г., со цел да обезбеди флексибилна и отворена рамка за соработка во вооружувањето во рамките на Алијансата. Во текот на децениите, тој продолжува да се прилагодува на безбедносното опкружување кое се развива, олеснувајќи го дијалогот помеѓу нациите и поттикнувајќи мултинационална соработка во развојот, стекнувањето и испораката на способностите. Овозможувајќи мултинационална соработка, конференцијата игра суштинска улога во обезбедување дека силите на НАТО имаат најсовремена, интероперабилна опрема на располагање во секое време, при тоа усогласувајќи ги воените барања

на ниво на Алијансата. Конференцијата има задача да ги идентификува можностите за соработка и ја промовира трансатлантската одбранбена индустриска соработка, во насока на истражување, развој и производство на воена опрема и системи за вооружување. За својата работа директно одговара на Северноатлантскиот совет. Работата на конференцијата е подготвена и поддржана од нејзините подредени комитети. Армиските, воздухопловните и поморските главни групи за вооружување, како и нивните соодветни подгрупи, ја поддржуваат работата на Конференцијата и се одговорни пред неа за сите активности во нивните соодветни области. Студии и асистенција, кои се поврзани со индустриски прашања и предизвици, е обезбедена од страна на Индустриската советодавна група на НАТО, овозможувајќи му на комитетот да има корист од советите на индустријата, а со тоа и да се зајакнат односите на НАТО со индустрија.

**Комитет за дигитална политика (Digital Policy Committee - DPC)** е одговорен за политиката во областа на дигиталните иницијативи на НАТО, консултации, командување и контрола. Развива дигитална стратегија, а дава насоки и совети и во областите во делот на стандарди за интероперабилност и на дигиталните способности на Северноатлантскиот совет. Водејќи ја дигиталната трансформација, комитетот работи кон дигиталниот примат на НАТО со постојано менување на технолошкиот пејзаж. Природата на безбедноста и војувањето е карактер на континуирана еволуција, а дигиталната ера само го забрзува овој процес. Како што заканите се развиваат побрзо, а одржувањето на способностите станува покомплексно, потребата од надзор за да се обезбеди ефективна комуникација, донесување одлуки и евентуална одбрана е од огромно значење. Со новите технолошки достигнувања се овозможува на Алијансата да остане на врвот, оспособена да ја одржи безбедноста на сојузниците во дигиталната ера. Во декември 2023 г., Северноатлантскиот совет го одобри преименувањето на Бордот за консултации, командување и контрола во Комитет за дигитална политика за подобро да го одрази неговиот ажуриран опсег и визија во дигиталната ера (Бордот беше создаден од Северноатлантскиот совет во 1996 г.). Како што се менуваат технологијата и безбедносните закани, така се менуваат и потребите на Алијансата. На самитот во Вилнус во јули 2023 г., сојузниците се согласија за Стратегијата за имплементација на дигитална трансформација на НАТО, која ја зајакнува способноста на Алијансата да дејствува решително на копно, во воздух, во поморството, сајбер-просторот и вселената. Во денешно време технологијата се менува премногу брзо, а со тоа и потребата да се развијат способности за подобро справување со новите безбедносни закани. Голем број комуникациски и информациски системи го поврзуваат седиштето на НАТО во Брисел, структурите на воените команди, националните престолнини и националните воени команди. Со системот се обезбедува и безбедно поврзување и олеснување на консултацијата со земјите партнери на НАТО. Комитетот го советува Северноатлантскиот совет и Комитетот за планирање на одбраната за сите прашања од свој домен, вклучително и интероперабилноста на НАТО и националните системи. Тој ја советува и Конференцијата на националните директори за вооружување, која ги обединува националните претставници на НАТО и земјите партнери одговорни за одбранбените набавки.



**Комитетот за сајбер-одбрана (Cyber Defence Committee – CDC),** кој е подреден на Северноатлантскиот совет, е водечки комитет за политичко управување и политика за сајбер-одбрана. Во април 2014 година Северноатлантскиот совет се согласи да изврши промена на Комитетот (од Defence Policy and Planning Committee/ Cyber Defence во Cyber Defence Committee). Воените власти на НАТО и на Агенцијата за комуникации и информации на НАТО имаат специфични одговорности за идентификување на оперативните барања, за стекнување, имплементација и функционирање на капацитетите за сајбер-одбраната на НАТО. Сојузничката команда за трансформација е одговорна за планирање и спроведување на вежбите од овој домен. Самитот на НАТО во Прага во 2002 г., за првпат ја стави сајбер-одбраната на политичката агенда на Алијансата. На самитот на НАТО во Рига во 2006 г., сојузниците ја повторија потребата од обезбедување дополнителна заштита на овие информациски системи. После сајбер-нападите врз јавните и приватните институции на Естонија во 2007 г., министрите за одбрана се согласија да ја одобрат првата Политика за сајбер одбрана во јануари 2008 година. НАТО го усвои Стратешкиот концепт на Самитот на НАТО во Лисабон во 2010 г., кој за првпат регулира дека сајбер нападите би можеле да достигнат ниво што го загрозува националниот и евроатлантскиот просперитет, безбедноста и стабилноста. Во јуни 2011 г., министрите за одбрана на НАТО ја одобрија втората Политика на НАТО за сајбер-одбрана, а во 2012 г., сајбер-одбраната беше воведена во Процесот на планирање на одбраната на НАТО. Истата година, како дел од реформата на агенциите на НАТО, беше формирана и Агенција за комуникации и информации на НАТО. Агенцијата за комуникации и информации на НАТО (преку Центарот за сајбер-безбедност во Монс, Белгија), е одговорна за обезбедување технички и безбедносни услуги. Центарот има клучна улога во одговорот на секакви сајбер-инциденти кои влијаат на НАТО. Во текот на 2016 г. НАТО и ЕУ склучија Технички аранжман за сајбер-одбрана за да им помогнат на двете организации подобро да спречат сајбер-напади и соодветно да одговорат. НАТО и ЕУ се согласија за серија од повеќе од 40 мерки за унапредување во оние области каде што и двете организации ќе работат заедно, вклучително и за спротивставување на хибридните закани и сајбер-одбраната.

Драган Павловски




# Подемот на тероризмот во Северен Кавказ

Во изминатите дваесетина години во терористичките напади во Русија загинаа стотици луѓе. Борбата против тероризмот ѝ овозможи на руската Влада да ја консолидира моќта и да ги ограничи политичките и јавните слободи. Терористичките закани на Русија потекнуваат од турбулентните републики во Северен Кавказ, Чеченија, Дагестан, Ингушетија и Кабардино - Балкарија

Русија се соочи со неколку категории на тероризам уште од периодот на Руското Царство, особено во Северен Кавказ, почнувајќи од револуционерите анархисти во 19 век, па сè до денешните сецесионистички исламистички екстремистички етнонационалисти, кои се обидуваат да го ослободат Северен Кавказ од континуираното руско присуство со цел да се воспостави исламистички режим од талибански тип. Ова претставува сериозен пресврт во природата на терористичките закани против Русија, имајќи предвид дека во екот на Студената војна, поранешниот Советски Сојуз беше главен државен спонзор на тероризмот, а нејзините безбедносни служби обезбедуваа активна поддршка на палестинските, ерменските и јужноамериканските терористички групи. Позначајни терористички инциденти извршени против Русија во изминатите децении: на 14 јуни 1995 г. група вооружени чеченски борци предводени од Шамил Басаев киднапираа 1586 жители на градот Будионовск во Јужна Русија, при што загинаа вкупно 129 лица, а 317 беа ранети; во септември 1999 г., чеченските бунтовници нападнаа станбени згради во Москва, убивајќи околу 200 луѓе, а неколку стотици беа повредени, а како одмазда, руските трупи ја нападнаа Чеченија; на 23 октомври 2002 г., чеченските бунтовници го нападнаа преполниот театар Дубровка во Москва, а загинаа околу 129 лица; на 27 декември 2002 г., чеченски бомбаши-самоубијци го нападнаа чеченскиот административен комплекс во Грозни, при што загинаа 78 луѓе, а 150 беа повредени; помеѓу февруари и август 2004 г., во серија самоубиствени бомбашки напади од страна на Севернокавкаските бунтовници во московското метро беа убиени 80 луѓе; на 24 август 2004 г., чеченските бунтовници ги нападнаа руските сили во Назран, Ингушетија, убивајќи 80 војници, додека истиот ден беа нападнати два руски патнички авиони при што загинаа 90 луѓе; во септември 2004 г., беше нападнато училиште во Беслан, Северна Осетија, а терористите држеа повеќе од 1100 лица како заложници, а спасувачката операција резултираше со повеќе од 300 смртни случаи, од кои 186 деца; на 27 ноември 2009 г., чеченските бунтовници го нападнаа брзиот воз од Москва до Санкт Петербург, при што загинаа 26 лица, а 100 беа повредени; на 29 март 2010 г., чеченските терористи извршија двоен самоубиствен бомбашки напад во московското метро, при што загинаа 40, а беа повредени повеќе од

100 лица; на 24 јануари 2011 г., чеченски терорист изврши самоубиствен бомбашки напад во аеродромот Домодедово, при што загинаа повеќе од 36 луѓе, а беа повредени околу 180; во септември 2013 г. од бомбаш самоубиец кој активирал бомба во автомобил пред полициска станица во Чеченија, беа убиени тројца руски полицајци, а петмина беа ранети; на 21 октомври 2013 г., 30-годишна жена изврши самоубиствен бомбашки напад во автобус во близина на градот Волгоград, при што загинаа шест, а беа повредени 30 лица; на 29 декември 2013 г., жена бомбаш-самоубиец, државјанка на Дагестан, уби најмалку 15 луѓе, а повреди повеќе од 40 на железничката станица во рускиот град Волгоград; на 15 јануари 2014 г., во престрелка во Дагестан меѓу руската полиција и исламистичките милитанти, четворица од милитантите беа убиени, додека од полицајците тројца беа убиени, а петмина беа ранети; на 5 октомври 2014 г., на настан за одбележување на Денот на градот Грозни, при претрес на сомнително лице експлодирала бомба, при што пет полицајци, заедно со бомбашот самоубиец, загинаа, додека други 12 беа ранети; на 4 декември 2014 г., група исламистички милитанти, убиле тројца полицајци на контролен пункт во предградието на Грозни, а во антитерористичката операција, убиени се 14 полицајци, 11 милитанти и 1 цивил, а биле ранети 36 полицајци; на 31 октомври 2015 г., рускиот патнички авион Ербас А321 кој летал од Египет до рускиот аеродром Пулково експлодирал на небото над Синајскиот Полуостров. Одговорноста за нападот ја презедоа милитантите на терористичката организација Исламска Држава; во април 2017 г. во метрото во Санкт Петербург беа убиени 15 луѓе со рачно изработена експлозивна направа; бомбашот бил припадник на узбекистанското малцинство во јужен Киргистан со врски со исламистички екстремисти; во март 2024 г., 145 луѓе беа убиени откако напаѓачите упаднаа во комплексот на популарните концертни места во предградието на Москва. ИСИС-К ја презеде одговорноста за масакрот, а четворица вооружени мажи од поранешната советска република Таџикистан беа обвинети за тероризам; на 23 јуни 2024 г. во рускиот северен кавкаски регион Дагестан беше извршен уште еден терористички напад. Вооружени лица нападнале две синагоги, две руски православни цркви и полициски цели во регионалниот главен град Махачкала и во градот Дербент, на околу 120 километри јужно од Дагестан. Според изјавите на безбедносните служби, 21 лица загинаа, а меѓу нив 15 полицајци, а 16 лица, меѓу кои 13 полицајци, биле повредени. Според американскиот Институт за проучување на војната, нападот можеби бил координиран од севернокавкаскиот




огранок на екстремистичката група „Исламска држава“, позната како „Вилајат Кавказ“, опишувајќи го како „комплексен и координиран“.

Како превенција и одговор на терористичките напади, години претходно, руската влада одговори со спектар на остри антитерористички мерки од страна на нејзините воени и разузнавачки служби, судски органи и агенциите за спроведување на законот, кои барем до почетокот на 2015 г. во голема мера успеаја значително да ја намалат зачестеноста и смртноста на ваквите инциденти. За последните напади, без докази, одредени руски политичари сугерираа дека нападите биле организирани од „непријатели“ од странство, особено разузнавачките служби на Украина и НАТО. Тоа е истиот наратив што се користеше пред само неколку месеци кога вооружените милитанти убија 145 луѓе на концертното место на градското собрание Крокус во близина на Москва, без разлика што огранок на „Исламската држава“ ја презеде одговорноста. Наместо да истражува зошто руските разузнавачки служби не превенирале да го спречат овој напад, Москва веднаш го обвини Киев и неговите западни сојузници дека помагале во неговото организирање. Ваквите обвинувања го засилуваат јавниот наратив на Кремљ дека Западот е најголемата егзистенцијална закана за безбедноста на руските граѓани.

Но, два големи терористички напади што се случија за толку кратко време го покренуваат прашањето за тоа дали војната во Украина го одвлече вниманието на Кремљ од она што се случува внатре во Русија. Појавата на терористичко насилството во Дагестан е закана за регионалната стабилност на Северен Кавказ и го поништува тврдењето на Путин дека воспоставил ред и сигурност во Русија. Дагестан, главно е муслимански регион на Русија во Северен Кавказ. На почетокот на овој век екстремистичкото насилство во овој регион се зголеми, особено после двете војни што ги водеа руските сили во соседна Чеченија. Крајот на овие конфликти му овозможија на рускиот лидер да тврди дека донел мир и стабилност во конфликтниот регион, а





со тоа и да го зајакне својот имиџ како гарант за безбедноста на Русија. Но, во поново време, Дагестан, како и другите региони со етнички малцинства, го носат товарот на непопуларните напори за мобилизација на граѓани за војната во Украина.
Во минатото Кремљ ги обвинуваше меѓународните терористички организации и „џихадизмот“ за појавата на нови насилства во рускиот Кавказ, со што се усогласија во ставовите со западните земји кои се соочуваат со слични закани. Но, од 2022 г. па сè до денес, реториката се менува, односно руската политика имплицира дека овие напади на некој начин се инспирирани однадвор или, поконкретно, дека водат кон Киев.
Неколку дена по нападот во Градското собрание на Крокус во март 2024 г., рускиот претседател изјави дека го извршиле „радикални исламисти“, а две недели подоцна, неговото тврдење беше дека Русија не би можела да биде цел на исламските фундаменталисти, бидејќи таа е „уникатен пример за меѓуверски договор и единство“. Ниту една држава не е имуна на тероризмот. Руската влада никогаш досега не ги признала грешките на безбедносните агенции. Неуспесите, како што е неможноста да се избегнат огромни жртви од претходните акти на терор, постојано се бришат од историјата на руската влада. Но, затоа пак уште во декември 2017 г. Москва ја објави конечната победа над ИСИС. Сега дојде време кога треба да се објасни повторното заживување на терористичката група. Веројатно нема ни да има официјално објаснување бидејќи приоритет во вакви ситуации е да е посочи виновникот.
Во весникот „Руска дума“, рускиот Парламент често зборува за укинување на мораториумот за смртна казна. Терористичките напади може да бидат изговор за да се одобри оваа практика од советската ера. Руското Министерство за надворешни работи побара Киев да не биде исклучен од списокот на осомничени за терористичките напади во Русија. Медведев, заменик-претседател на Советот за безбедност на Русија, исто така не ги чекаше резултатите од истрагата. На своите профили на социјалните мрежи тој напиша за потребата од „тотални егзекуции на терористите и репресии врз нивните семејства“, а и Украина не беше поштедена. И шефот на државната служба за безбедност потврди дека исламистичките екстремисти ги извршиле нападите, но и тоа дека и Киев бил вклучен.
Терористичките напади на Вилајат Кавказ на 23 јуни 2024 г., поврзани со терористичката организација „Исламската држава“ во Република Дагестан, ги зголемија руските стравувањата за понатамошни напади и нестабилност на Северен Кавказ. Руската влада се обидува да одржи лажна стабилност и безбедност како одговор на терористичкиот напад во Дагестан и ставот за наводното мултиетничко и мултирелигиозно единство на Русија. Терористичкиот напад на Градското собрание на Крокус во Москва во март 2024 г. и сè почестите руски контратерористички операции во Северен Кавказ, предизвикаа тензии во рускиот информативен простор, ксенофобија и расизам. Терористичките напади на 23 јуни 2024 г. во Дагестан, исто така, го поттикнаа шефот на чеченската република Кадиров да го потврди својот имиџ на безмилосен автократски моќник кој е способен да го заштити Северен Кавказ од верскиот екстремизам. На 25 јуни Кадиров одржа состанок со чеченските агенции за спроведување на законот, а во врска со нападите во Дагестан, ги повика Чеченците да бидат особено внимателни и да ги спречат нивните роднини да подлегнат на верскиот екстремизам.
Може да заклучиме дека во Русија изминативе неколку децении нема многу новости кога станува збор за борбата против тероризмот. Во 2001 г., после терористичките напади во САД, беше поттикната идејата дека Русија и Западот се соочуваат со истата терористичка закана. Во следните години се родија надежи дека антитероризмот може да биде област од заеднички приоритет помеѓу САД и Русија. Очигледно таквиот оптимизам беше неоправдан бидејќи во случаите со Чеченија, Сирија и Авганистан, руската влада повеќе го охрабруваше тероризмот наместо да се справува со него, притоа одржувајќи врски со терористичките групи како „Хамас“, „Талибанците“ и „Хезболах“. И руските безбедносни служби потфлија за време на големите заложнички кризи, особено во опсадата на училиштето во Беслан во септември 2004 г.. Нивната неуспешна спасувачка операција беше причина за смртта на над 300 заложници, од кои голем број беа деца. Не е јасно зошто руската влада ги игнорира предупредувањата на западните разузнавачките служби за можни терористички напади на руско тло. Пропустите во националната безбедност може да бидат особено проблематични за која било влада. Руската влада, зафатена со војната во Украина, се обидува да ја избегне тешката ситуацијата на нарушена безбедност во државата. Дополнително, прекршувањето на човековите права го дестабилизираат Северен Кавказ, а неможноста руската влада да се справи со терористичките закани, претставува Ахилова петица на автократијата која е опседната со нејзиниот опстанок.

д-р Ненад Танески



# Под знамето на ОН

# Релевантноста на мировните операции (2)

Одговорот и реакциите на ООН на конфликтите на глобално ниво се директно зависни од посветувањето на потребното внимание на креирање и примена на соодветни политички решенија. Приматот на политиката и одржливите политички решенија треба да бидат во фокусот на вниманието при креирањето и подготовките на мировните операции на ОН

Политичките решенија треба да бидат временски дефинирани, со јасни одредници, понудени, усогласени со потребите и прифатени од земјата домаќин, како и регионално и меѓународно поддржани. Истовремено, неопходно е да се заштитува процесот на планирање на мировната операција од евентуални дилеми за интервенција и какво било попречување или негативно влијание на процесот. За што е можно пократко време, неопходно е потребно да се развијат стратегии и насоки за тоа како да се вклучи неопходниот број актери, вклучувајќи и приватни безбедносни агенции, странски борци, платеници, и нивно спонзорирање (тие чинители можат позитивно да ја одиграат потребната улога во одредени етапи на мировната операција и да ѝ помогнат на земјата домаќин позитивно да влијаат врз целиот процес).
Планерите на мировни операции во ОН, врз основа на научените лекции од терен, ги подобруваат своите капацитети за усогласување и користење на целиот опсег на алатки за превентивно дејствување. Ова вклучува забрзана „дигитална трансформација“ и употреба на нови технологии за спроведување на мировните операции на терен, што би требало да овозможи подобра анализа на податоците, стратешко предвидување и ефективно рано предупредување. Едновремено, на подобрување на своите капацитети во областа на раното предупредување и превенција работат и координаторите, тимовите и регионалните канцеларии на ОН, со цел објективно информирање и подготовка на предлози за мерки и активности на Советот за безбедност за новонастанати ситуации на теренот. Аналитичиратите сметаат дека подобар систематски пристап кон превенцијата може да се постигне преку нови форми на анализа и поразвиена рамка на индикатори. На ова додаваат дека зајакнатите партнерства со меѓународните и националните актери би можеле да обезбедат нови предлози и можни решенија за евентуални конфликтни ситуации. Палетата на мировни операции пружа и неколку важни и конкретни опции за превентивна акција, на пример преку приспособени набљудувачки мисии, специјални политички мисии, ад-хок експертски мисии, тимови за поддршка

на мировниот процес, иницијативи за потпомагање на дијалогот и привремено зајакнување на постојните тимови на ОН. Спречувањето на вооружените конфликти бара повеќе иновативност, агилност и позитивен пристап. Агенциите на ОН е неопходно да располагаат со соодветни механизми и процедури со цел преземање брза и ефективна акција и да бидат подготвени за проактивно спречување конфликти. Значењето и улогата на регионалните и подрегионалните организации во одржувањето на мирот и безбедноста забележува тренд на постојан раст. СБ на ОН е најодговорен за оддржување на меѓународниот мир и безбедност, а регионалните организации се нивните најважни стратешки и оперативни партнери. Но евидентен е заклучокот дека е потребно поцврсто „глобално-регионално“ мировно и безбедносно партнерство за да се спречи и да се одговори на сè повеќе меѓусебно поврзаните и предизвикувачки кризи во светот. Мировниците би требало поблиску да соработуваат со регионалните тела (Африканската унија, ЕУ, ОБСЕ, НАТО) и други регионални и подрегионални организации. Од витално значење за ОН е да продолжат со дефинирање ефективни начини за заедничко ангажирање на мировните сили со регионалните организации, вклучително и за рационализирање на процесите кои произлегуваат од довереniot мандат. Финансирањето на заедничките ангажмани во мировните операции и справувањето со евентуалните проблеми околу финансирањето на мировните операции, особено операциите за поддршка на мирот на Африканската унија, е клучно прашање на кое треба да му се даде приоритет. Прашањата околу командувањето и контролата, силите и способностите, основните принципи и правните аспекти на овие операции се исто така клучни. Се очекува регионалните партнерства на ОН да бидат уште поважни во иднина. Сепак, тие се зависни од регионалната политичка волја и развојот на капацитетите. Тоа прашање во иднина ќе зависи од блиската меѓународна соработка со цел да се развијат ефективни и функционални оперативни пристапи.




Со оглед на брзите промени во меѓународната политика предизвикана од мноштвото глобални кризи, улогата на ОН во навремено и ефективно реагирање и одговор на кризи станува сè поактуелна. Активното делување во рамките на своите овластувања и функциите за поддршка на безбедносната и мировна политика од страна на Генералниот секретар на ОН, се очекува да стане повеќе проактивно во иднина. На оперативно ниво, прашањето за лидерството во мировните операции е подеднакво важно. Ефективното и инклузивно лидерство во мировна мисија е важен фактор за успех во мировните операции на ОН. Командата на мировната мисија е најодговорна за сите аспекти на планирање и спроведување на мандатот, но донесувањето правилни одлуки во дејствувањето на терен има одлучувачко влијание врз исходот од мировната операција. На ОН им се потребни сè поголем број квалификуван персонал за овие предизвикувачки позиции, и жени и мажи. Заклучок е дека сè уште постои одреден број на неискористен потенцијал во земјите-членки, па е потребно да се направат поголеми систематски напори во насока на подигање на свеста, како и зголемување на интересот за регрутирање соодветен и стручен персонал. На ова може да се додаде и заклучокот на аналитичарите дека земјите-членки би требало да продолжат со зајакната поддршка на командниот персонал во мисиите, како и за лидерските тимови на терен, пред и за време на извршувањето на нивните задачи. Подготовките пред распоредувањето, обуката, градењето капацитети и логистичката поддршка, вклучително и дигиталните капацитети, треба да бидат соодветни и погодни за намената.

Во анализите на локалните конфликти се појавува потребата за поопсежни оцени на спроведувањето на мандатите на мировните сили, со акцент на подобро разбирање на потребите на локалното население и двигателите на конфликтот. Од голема важност е да се продолжи со развој на иновативни пристапи за заштита на цивилите. Тие би требало да бидат фокусирани на луѓето и да бидат координирани со владите на земјите-домаќини и други локални и регионални актери кои делуваат заштитнички кон цивилното население. Централна улога во таквите иницијативи би требало да останат локалните заедници и проучувањето на локалната перцепцијата мора






да се користи систематски. Општо земено, повеќе внимание би требало да се посвети на аспектите на јазичната и културолошката блискост при спроведувањето на мировните операции.
Врз основа на научените лекции, неопходно е планерите на мировните операции да пронаоѓаат нови начини за подобро вклучување и комуникација со повеќе засегнати страни и засегнати групи, вклучително и со жените и младите, од кои многумина имаат доживеано трауми од конфликтот и се сметаат за ранливи, но се соочуваат и со системски бариери за нивно учество во политичките процеси во земјата-домаќин. Со стекнувањето доверба и нивно проактивно учество во мировните процеси, овие групи можат да дадат значаен придонес кон развој на поодговорни, правични, веродостојни и одржливи решенија за конфликтот. Активирањето и соработката на младата популација во зоните на распоредување на „сините шлемови“ може да биде од клучно значење за успешноста на спроведувањето на мисијата. Силната меѓународна поддршка за организациите предводени од младите луѓе е во насока на градење основа за поинклузивни мировни процеси и поотпорно општество, а истовремено амортизира значаен дел од основните причини за создавање на конфликтот, застанувајќи против недовербата кон младите во институциите на системот во земјата-домаќин. Со целосна имплементација на агендата „Жените, мирот и безбедноста (WPS)“ и на агендата „Младите, мирот и безбедноста“ (YPS), се зголемува безбедноста на женската популација кај локалното население. Од друга страна, наведените агенди (WPS и YPS) мора да бидат применети во попрактични и оперативни решенија во теренските мисии. Овие нормативи исто така мора да станат дел од домашната норматива и да се имплементираат со помош на национални акциски планови. Локални советодавни групи би можеле да помогнат да биде обезбедено активно учество на женската популација во напорите за градење мир и решавање на конфликтот. Не се исклучува ни можноста за формирање национални младински совети.
Одржливиот развој е од суштинско значење за постигнување и одржување на мирот. Силните страни и предности на мировните операции би требало да се земат предвид во суштиската работа на агенциите, фондовите и програмите за поддршка на „Агендата 2030“ и на Целите за одржлив развој (SDGs). Реализацијата на Целите за одржлив развој во рамките на мировните операции на ОН има потенцијал за пружање на поголема меѓусебна поддршка и зајакнување на меѓусебните релации на сите актери на теренот. Неизбежна е и потребата од подобра соработка и комуникација меѓу одговорните тела, кога станува збор и за стратешкото планирање и за оперативната работа. Ова, исто така, е важен фактор кога станува збор за започнување подготовки за транзиција на општеството. Дополнително, на мировните операции им се потребни повеќе интегрирани надлежности за прашања кои се преклопуваат, како што се климатските промени, миграцијата и намалувањето на сиромаштијата.
Новите технологии веќе од поодамна и сè повеќе се применуваат во информатиката и во размената на информации и во мировните операции на ОН. Едновремено, новите техники на комуникација претставуваат и значителен предизвик за мировниците. За да бидат успешни, „Сините шлемови“ би требало да бидат компетентни и да бидат обезбедени со потребните стратегии и ресурси. Менаџирањето со информациите мора да биде интегриран дел од севкупното планирање, извршување и евалуација на мисијата. Реална и сè поголема опасност за мировните мисии претставува големиот број погрешни информации и дезинформациите, што негативно влијае на безбедноста на униформираниот и на цивилниот персонал на ОН. Останува предизвик како мировните сили како целина, или поконкретно, раководствата на мисиите, би можеле да ги ублажат последиците од таквиот вид на опасност, како и да ги минимизираат ризиците од дезинформации. Потврдено е дека се потребни повеќе обуки и градење капацитети, како и придружни човечки, финансиски и технолошки ресурси. Командите на мировните операции, исто така, би требало да ги подобрат своите стратегиски комуникациски капацитети за поефикасна борба против дезинформациите.

М.С.





# Енергетска безбедност

Безбедноста отсекогаш била зависна и причина за војување за територии, ресурси и енергенси. Економската безбедност, и на национално и на меѓународно ниво е тесно поврзана и со енергетските и други ресурси. Зависноста на државите од енергетските ресурси од трети држави долгорочно влијае врз безбедноста на национално и на меѓународно ниво

Недостатокот на ресурси примарно влијае на економската стабилност, но се рефлектира и на политичката, одбранбената, воената и во другите области од општественото живеење. Денешните економии се базираат на користењето на примарните енергетски ресурси (гас, нафта, хидропотенцијал, јаглен и нуклеарна енергија). Преминот од традиционални на обновливи ресурси е долгорочен процес и побарува големи инвестиции. Повратокот на вложеното е далеку помало во споредба со користењето на традиционалните енергенси. Светската потрошувачка на енергенси е во нагорен тренд. Зависноста од енергенси силно се почувствува и во 2021 година кога државите почнаа да се опоравуваат од КОВИД 19 пандемијата. Зголементата побарувачка на ресурси предизвика пораст на цените на суровите материјали и на цените на производите. Навлегувањето на руските трупи во Украина во февруари 2022 година го зголеми трендот на раст на цените на ресурсите и на производите и во опасност ја доведе и економската сигурност на државите од Западна Европа. Со цел да го намалат ефектот од енергетската зависност од Русија, европските држави интензивно започнаа да инвестираат во алтернативни обновливи извори на снабдување со енергенси. Нерамноправниот пристап и нерамномерната испорака на енергенси ги направи истите инструмент на моќ на државите. Минатото и денешницата потврдија дека истото може да генерира негативни ефекти, односно тензии, екомномски и финансиски кризи, па дури и воени конфликти. Негативните ефекти можат да ја загрозат не само безбедноста на државите туку и безбедноста на меѓународниот поредок заснован на утврдени норми и правила. Недостатокот на енергија, вода или храна во некои држави може да поттикне можни недоразбирања и спорови и да ја загрозат безбедноста на државите. Економскиот и технолошкиот развој го определува глобалниот развој и економскта моќ. Тие пак предизвикуваат зголемена побарувачка на ресурси и го продлабочува јазот меѓу државите. Економската безбедност на државите може да биде предизвикана и од неконтролирната масовна миграција проследено со тензии и конфликти на регионално и глобално ниво.

**НАТО и енергетската безбедност**
Можеби и во НАТО контекст повеќе може да се зборува за енергетска стабилност отколку енергетска безбедност. Меѓутоа, доколку тоа се гледа од аспект кога енергенсите се користат како средство за хибридно војување, енегијата станува клучен фактор на безбедноста. Енергетската безбедност е клучен стратегиски фактор особено изразен од крајот на 20 век. Настаните од минатите

години покажаа дека енергетската безбедност е растечки предизвик и за НАТО, особено во ерата на зголемена доминација на хибридното војување (Dupuy, and others, 2021). Енергетската безбедност игра важна улога во остварувањето на севкупната зедничка безбедност на НАТО. Нејзината важност беше нотирана и на Самитот на НАТО во Брисел во 2018 година каде во Декларацијата се вели дека „стабилното и сигурно снабдување со енергија, различноста на рутите, снабдувачите и енергетските ресурси, како и поврзаноста на енергетските мрежи, се од критична важност и ја зголемуваат отпорноста против политичките и економските притисоци. Овие прашања се примарна одговорност за националните авторитети, но развојот на енергетиката може да има значителни политички и безбедносни импликации за сојузниците и партнерите“. Енергетскта безбедност е витален елемент на градењето отпорност и важен сегмент на безбедносните предизвици од сајбер и хибридните закани по инфраструктурата. Тоа значи дека сајбер заканите со фокус на енергетскиот сектор како главна цел, се во пораст. Со оглед дека нарушувањето на снабдувањето со енергија може да се одрази врз безбедноста на државите, ова е едно од повеќето акцентирани прашања од примарна важност за владите на државите. Нарушувањето на снабдување со енергија може да се одрази и на безбедноста на земјите НАТО членки и на земјите партнери, како и да има влијание врз воените операции на Алијансата. Токму затоа во НАТО се водат регуларни консултации на оваа тема особено поврзани со јакнењето на отпорноста.
Една од примарните цели на Алијансата е унапредување на свесноста за енергетиката и безбедносните импликации, односно развој на сопствени способности за поддршка во заштитата на критичната енергетска инфраструктура и осигурување стабилно снабдување со енергенси на војската. Во време на глобална енергетска транзиција, енергетската ефикасност и иновативните решенија во енергетиката и помагаат на војската да биде поодржлива и оперативно ефикасна (NATO’s role in energy security, 2021). Уште од 2014 година, НАТО енергетската ефикасност во војската ја смета за приоритет. Остварувањето на овој приоритет е поврзан и со напорите за унапредување на технолошкиот и процесот на користење на енергенсите преку намалување на потрошувачката на енергија на воените возила и на објектите. На тој начин се очекува енергетскиот сектор да се направи поотпорен и поодржлив.

Енергетската зависност е клучен предизвик за земјите од Западен Балкан, вклучително и за Северна Македонија. Земјите од овој регион имаат мало производство на енергија која не ги задоволува нивните потреби и се зависни од увоз. Позитивна константа е тоа што енергетската зависност на државите од овој дел на Европа е само 1% од извозот на Русија и истите не се од стратешки интерес за Москва. Тоа значи дека Русија не може дополнително безбедносно да ги дестабилизира со употреба на енергенсите како алатка на безбедносната политика. Во секој случај, сите држави мора да работат поблиску за да ја намалат зависноста од енергенси и,колку што е можно побрзо да го редуцираат влијанието на овој предизвик и закана по безбедноста на државите. Енергетската зависност ги погаѓа сите држави. Не постои држава која може сите енергенси и производи да ги обезбеди самостојно. Зголемената побарувачка на енергенси предизвикува натпревар меѓу државите и зголемување на цената и на енергенсите и на производите. Помал број држави го контролираат производството на нафта, на природен гас и на јаглен, што, всушност, и ја диктира цената. Зависноста на државите од овие енергенси им овозможува на земјите кои ги контролираат енергенсите, во одредени ситуации да изнудуваат стратегиски приоритети и отстапки од оние кои зависат од овие енергенси. Остануваат уште многу области кои не се истражени, а за кои се знае дека се богати со природни енергенси, како на пример Арктикот. Со топењето на поларните капи на Арктикот, се отвора нова можност за геополитички натпревар меѓу државите и борба за контрола на тие ресурси. Но, да не заборавиме дека борбата за контрола на енергенсите, без разлика дали тоа е на Арктикот или некаде на друго место, уште поодамна низ историјата оваа борба предизвикувала конфликти, што во иднина може да доведе до сериозен конфликт меѓу државите.

д-р Игор Ѓорески







# НАТО ја зајакнува вештачката интелигенција во климатските истражувања

Улогата на науката и технологијата за НАТО најверојатно, ќе расте значително во текот на следните две децении", предвидува Симона Соаре, истражувач на одбранбени технологии на Универзитетот „Ланкастер“, Велика Британија. „Ние сакаме да бидеме сигурни дека можеме да обезбедиме научни совети на нациите на НАТО за да им овозможиме да задржат техничка и воена предност", вели Брајан Велс, хемичар и главен научник на организацијата. Велс работи во седиштето на НАТО во Брисел, каде светските лидери се собраа пред некое време , за да ја одбележат 75-годишнината на организацијата. Организацијата за наука и технологија, исто така, има своја истражувачка лабораторија во Центарот за поморски истражувања и експерименти (CMRE) во Шпеција, Италија. Цивилната компонента на НАТО обезбедува грантови за истражувачка програма „Наука за мир и безбедност“ предводена од Клаудио Палестини, истражувач во комуникациското инженерство. Програмата финансира студии во области како што се антитероризам и сајбер-одбрана. Тие  вклучуваат студии за влијанието од климатските промени и од Вештачката интелигенција; заштита на подводната инфраструктура, како и она од хибридни закани, врз одбраната и безбедноста. Секој од неговите поголеми грантови вреди помеѓу 250.000 и 400.000 евра и трае две до три години. Проектите опфаќаат спектар на полиња, вклучувајќи користење на автономно подморско набљудување за ловење и идентификување на мини; следење и идентификување на подморници; квантен радар и синтетичка биологија. На пример, една програма предводена од истражувачите на CMRE истражува како автономните подводни возила можат да ги идентификуваат подморниците користејќи квантни технологии и ВИ. НАТО испитува како вештачката интелигенција би можела да влијае на способноста на војниците да се сокријат и да избегнат откривање. Друга иницијатива е да се истражува како биотехнологијата би можела да ги зајакне перформансите на војниците со зајакнување на микробиомот или преку мозочно-компјутерските интерфејс технологии. НАТО алијансата е загрижена дека климатските промени имаат значително влијание врз безбедноста. НАТО, исто така, е заинтересирана за тоа како температурните промени би можеле да влијаат врз безбедноста на нејзините земји членки и земјите кои не се членки, како и на воените инсталации низ целиот свет. Во извештајот од 2024 година во „Texas National Security Review“, истражувачите на CMRE, заедно со колегите од Универзитетот „Сент Ендрјус“, Велика Британија, Универзитетот во Л'Акила, во Италија и во Швајцарскиот федерален институт за технологија во Цирих, откриле дека подморниците може да станат потешки за откривање на сонар во Северниот Атлантик бидејќи температурата на водата се зголемува. Во друга студија, претставена на една конференција на ЕУ за геонауки во Виена, истражувачите на CMRE кои работат со научници на универзитетите во Принстон во Њу Џерси и во Централна Флорида во Орландо, оценија како екстремното време може да влијае на 91 воена база и инсталации на НАТО. Истражувачите откриле дека повеќе бази и инсталации најверојатно ќе станат подложни на климатските промени, бидејќи емисиите продолжуваат да се зголемуваат.
Во 2022 г., НАТО ја објави првата од сериите наречена „Климатските промени и проценка на влијанието врз безбедноста“.

Голем дел од истражувањето и развојот на НАТО се одвива преку Организацијата за наука и технологија (СТО), мрежа којашто ја сочинуваат повеќе од 6.000 научници на универзитетите и националните лаборатории и во индустријата. Тие работат заедно на одбранбени истражувачки проекти. Земјите членки на НАТО и земјите кои не се членки заедно придонесуваат годишно со околу 350 милиони евра за работата на оваа мрежа

м-р Зорица Стојкова



# Еколошката свест предупредува

Еколошка свест, воедно е и морална свест. Да се биде еколошки свесен значи да се увиди проблемот во природата и креативно да се размислува за решавање на проблемот. Тука доаѓаат до израз еколошките вредности, еколошкото знаење, еколошкото однесување и еколошките ставови. Најголеми проблеми со животната средина во последно време се климатските промени и загадувањето. Климатските промени опфаќаат и доаѓаат до израз преку глобалното затоплување и оштетување на озонската обвивка и топењето на сантите мраз. Загадувањето опфаќа загадување на водите, воздухот, почвата, а тука е и отпадот. За заштита на животната средина и на здравјето на човекот, САД формирале агенција уште во 1970 година. Човекот, уште пред сто и повеќе години се соочил со крупни промени во природата, експлоатирајќи природни ресурси, дрва, руда, нафта, вода, почва, така што натрупал и ги загадил и воздухот и водата и почвата, а се соочил и со индустријализација и миграции на населението. Техничко-технолошкиот развој и брзото темпо на живеење денес, бараат приспособување и примена на здрав и совесен начин на живот. Многу животински видови се во изумирање, многу растенија се во исчезнување, бавчите се садат во загадена околина крај депонии и се наводнуваат од загадени води. Сето тоа алармира да се разбудиме и да преземеме активности за решавање на проблемите и сето тоа и законски и казнено да го нормираме.

Скопје се смета за еден од најзагадените градови во Европа. Дали поради несовесни граѓани, дали поради непостоење на депонии за селектирање на отпад, или, пак, поради несовесни претпријатија и непостоење на филтри на оџаци на фабрики, вештачките ѓубрива и хемиски препарати, преголемата бучава, загадување со посебни честички – сето ова предизвикува нарушување на еколошкиот момент во повеќето градови во државата: запушени канали од отпадни, атмосферски и фекални води, затрупани канали со ѓубриште, јаловини, градежен шут-отпад, се создава непријатна миризба и се нарушува мирот и здравјето на жителите. Затоа постојано се алармира образованието правилно да едуцира.

Некои мислат дека луѓето не се доволно информирани ни за еколошките дозволи и стандарди кои треба да се поседуваат за да функционира некоја фабрика, некои мислат дека не се информирани, а и дека нема определени соодветни места за депонирање на отпадот, доволно контејнери и канти за отпад по градовитен ниту, пак, се информирани каде треба да се обратат доколку забележат непрописно загадување на животната средина. Сето ова покажува дека еколошката свест на македоскиот народ е на ниско ниво. ,,Кога одиме надвор од државава знаеме каде да фрлиме отпад, но овде тоа го правиме каде што ќе стигнеме. Исто така, знаеме како да седиме по клупите, а овде не. Таму знаеме да ги почитуваме законите за пушење на јавни места, за возење со постари автомобили во одредено време, да користиме велосипеди и слично. Иако, за волја на вистината, совесните луѓе и овде кај нас се придржуваат кон законските прописи и кон моралниот систем кој го имаат во себе. Ќе нагласиме дека и кај нас се организираат еколошки акции за собирање и рециклирање на отпадот, акции за пошумувања, чистење плоштади, поставување на канти, клупи, одржување на зеленилото пред зградите, парковите, одржување хигиена на тротоарите и така натаму. Армијата секогаш е една од најактивните институции при ваквите акции и претставува пример за целото население и за останатите институциите во државата. Сепак, сметам дека тоа не е доволно и дека треба повеќе да се работи на подигнување на еколошката свест и на креирање соодветна законска регулатива за еколошката проблематика во државава.

Васе Митреска



# Враќање на тактиката „рововска војна“

Таканаречената „рововска војна“, некогаш синоним за ужасите и ќор-сокакот на Првата светска војна, доживеа неочекувано повторно враќање на оваа тактика на војување после точно сто години. Отпрвин „рововската војна“ била отфрлена затоа што оваа стратегија на војување се сметала за остаток од минатите конфликти, но неодамнешните воени операции и геополитичката динамика во Украина ја вратија на „голема врата“ оваа стратегија

Тактиката „рововска војна“ беше маркантна стратегија за време на Првата светска војна, а особено беше главна карактеристика на Западниот фронт. Се проценува дека спротивставените страни на боиштето имале ископано околу 25.000 километри сложени мрежи од ровови и сообраќајници, зајакнати со бодликава жица, митралески гнезда и артилериски позиции. Оваа одбранбена стратегија имала цел да ги заштити војниците од непријателски оган и да овозможи напади преку внимателно испланирани офанзиви. Западниот фронт до денес остана синоним за статичната и исцрпувачка природа на рововската војна, која резултирала со дотогаш невидени жртви на сметка на минимални територијални придобивки. После Првата светска војна воените стратези во голема мера ја отфрлија „рововската војна“ како застарена и неефикасна, наспроти војната со комбинирана употреба на оклопно-механизирани единици, артилерија и бомбардирање од воздух. Доктрината за мобилно војување беше доминантна за време на Втората светска војна и ерата на Студената војна, како комбинација на движење и огнена моќ над статичната одбрана. Природата на конфликтот еволуираше во 21 век, што доведе до повторно проценување на корисноста (или неизбежноста) на „рововската војна“. Модерните конфликти честопати се случуваат во урбани средини или на нерамен терен каде што конвенционалната воена супериорност сама по себе не гарантира победа. Хибридното војување, бунтовништвото и противбунтовништвото бараат приспособливи тактики кои ги спојуваат традиционалните со неконвенционалните пристапи. Постојат неколку фактори кои придонесуваат за враќање на стратегијата на „рововска војна“ во современите конфликти. Многу конфликти денес, како што беа оние во Ирак, Сирија и Авганистан, главно се карактеризираат со борба во урбана средина каде најважни се контролата на клучните позиции и заштитата на цивилното население. Рововите обезбедуваат одбранбена предност во густо населените области и овозможуваат контролирано движење на сили и средства и одбрана од заседи. Истовремено, додека традиционалните



ровови остануваат дел од стратегијата, модерната воена технологија ја подобрува нивната ефикасност. Беспилотните летала кои се користат за набљудување, оптиката за дејствување ноќе и прецизно наведуваната муниција, им овозможуваат на силите подобро да се бранат и да маневрираат во мрежите на ровови, притоа минимизирајќи ги жртвите. Во војувалиштата со нерамен и тешко прооден терен или со сурова клима, рововите воедно нудат заштита од временските услови и од непријателски сили. Одбранбените позиции во планинските региони, џунгли и пустини бараат ефикасно обезбедување, што е возможно само преку изработка на утврдувања поврзани со мрежа на ровови. Во оние конфликти каде ресурсите се ограничени, како на пример во долготрајните граѓански војни, рововите нудат исплатливо решение за зајакнување на позициите и зачувување на работната сила. Исто така, се покажа дека рововите нудат и психолошки придобивки. Рововската војна асоцира на војна на издржливост, може да ги деморализира непријателските сили и да обезбеди значителна психолошка предност преку контролирање на територијата и диктирање на условите за борба и бој. Исто така, тие овозможуваат стратегиска длабочина и флексибилност при планирањето офанзивни операции.

Модерното рововско војување, сепак, еволуираше на начин што ги вклучи лекциите од минатите конфликти и истовремено да ги интегрира современите воени тактики и нови технологии и оружја. Мрежно-центричното војување се приспособува на тој начин што рововите најчесто меѓусебно се поврзани со комуникациски мрежи и линии за снабдување, што овозможува координирана одбрана и брзо засилување. За подобрување на севкупната ефикасност на одбранбените позиции, во рововското војување се адаптирани хибридните тактики за војување, преку комбинирање на традиционалните рововски мрежи со герилски тактики, сајбер-војување и информациски операции.

За разлика од статичните ровови од Првата светска војна, модерните системи за ровови ја нагласуваат мобилноста и флексибилноста за да одговорат на променливите услови на бојното поле и на непријателските тактики. Дроновите за набљудување, беспилотните копнени возила и сензорските системи ја подобруваат целокупната будност и свесност за ситуацијата на терен и ги подобруваат способностите за рано предупредување во мрежите на ровови. Исто така, повторното оживување на рововската војна има значителни импликации за современото војување и меѓународните односи. Рововските војни, особено во урбаните средини, предизвикуваат хуманитарни кризи поради нивното потенцијално влијание врз цивилното население и инфраструктурата. Воените организации ширум светот веќе ги преиспитуваат своите доктрини, за да вклучат елементи на „рововска војна“ во нивното оперативно планирање и обука. „Рововските војни“ ја менуваат стратегиската рамнотежа, нагласувајќи ја територијалната контрола и одбранбените способности на традиционалните офанзивни стратегии.

Приспособувањето на војските за водење „рововска војна“ неминовно поттикнува иновации во воената технологија и во начинот на снабдување на силите на терен. Повторното оживување на рововската војна влијае и на геополитичката динамика преку обликување на сојузи, конфликти и меѓународни интервенции во регионите каде што се користат овие тактики.

„Рововската војна“ некогаш се сметаше за остаток од минатото, но враќањето на оваа стратегија ја нагласува нејзината приспособливост и трајна важност во современите сценарија за конфликти. Како што се развиваат воените стратегии за да се справат со новите предизвици, така и лекциите научени од историската и современата рововска војна ќе продолжат да ја обликуваат иднината на војувањето и меѓународната безбедност.

Во војната во Украина, која трае од 2014 година, гледаме повторно враќање на стратегијата „рововската војна“ во модерен контекст т.е. може да се види како оваа историска тактика се приспособила на современата геополитичка реалност. Тактиката на „рововска војна“ во војната во Украина има свои стратегиски импликации и нуди лекции за анализа за тоа како модерното војување сепак неочекувано се менува. Снимките од дронови на рововските позиции од Источна Украина и блиската борба во рововите



потсетува на нешто што се чини дека модерното вооружување требало да го надмине. Од руската анексија на Крим, која подоцна премина во агресија на остатокот од Украина, конфликтот еволуираше во долготрајна војна во која војуваат сите родови и видови на двете војски. Она што уште на самиот почеток од руската агресијата стана видливо е градењето системи на ровови и сообраќајници за одбрана на освоените територии. Стана очигледно дека „рововската војна“ повторно ќе доминира како централна тактика во современото војувалиште.
Војната, уште во 2015 година се претвори во геополитички ќор-сокак, особено во регионот на Донбас, каде и украинските сили и сепаратистите, поддржани од Русија, ископаа долги мрежи на ровови и сообраќајници. Овие ровови служат како одбранбени позиции за заштита на територијата и за контрола на клучните стратешки точки. Во градовите како Доњецк и Луганск, како и во помалите градови и села низ Донбас, мрежите на ровови обезбедија клучни одбранбени способности против тактиките за урбано војување што ги користат двете страни. Тие нудат заштита од артилериски и снајперски оган, а истовремено овозможуваат и контролирано движење и засилување. Разновидниот терен на регионот Донбас, вклучувајќи рамнини и ридски области, бара одбранбени позиции што ефективно ги обезбедуваат рововите од пробивање. Тие нудат заштита од маневри на отворено и овозможуваат стратегиска длабочина во одбранбеното планирање. „Рововските војни“ во урбаните средини влијаат и со тоа што предизвикуваат значителни хуманитарни кризи поради нивниот ефект врз цивилното население и инфраструктурата. Тоа ги отежнува напорите за испорака на хуманитарна помош и цивилна евакуација, придонесувајќи за долготрајната природа на конфликтот.
Во контекст на војната во Украина, „рововската војна“ еволуираше за да ги вклучи и модерни воени тактики и технологии. Истовремено, и украинските и руските сили развија меѓусебно поврзани системи за ровови со комуникациски мрежи и линии за снабдување. Ова овозможува координирана одбрана, брзо засилување и отпорност против противничките напади. Модерната воена технологија, вклучувајќи беспилотни летала за набљудување и извидување, игра клучна улога во подобрувањето на ситуационата свест во системот на ровови. Таа обезбедува рано предупредување за движењата на противникот и ги олеснува прецизните удари врз неговите позиции. За разлика од статичните ровови од Првата светска војна, современите системи на ровови во Украина ја нагласуваат мобилноста и флексибилноста.
Тие се дизајнирани динамично да одговорат на промените во тактиката на противникот и на оперативните барања на терен. Исто така, „рововската војна“ во Украина има и голем психолошки ефект, што влијае на моралот и на војниците и на цивилите. Контролата над територијата преку систем на ровови ги деморализира противничките сили, истовремено зајакнувајќи го моралот на сопствените сили. Повторното оживување на „рововската војна“ во украинскиот конфликт носи значајни стратегиски импликации. Приспособувањето на тактиката „рововска војна“ во Украина може да влијае на воените доктрини ширум светот, особено во регионите кои се соочуваат со слични закани од хибридно војување. Тоа ја нагласува важноста на одбранбените стратегии и на територијалната контрола во современите сценарија за конфликти. „Рововската војна“ покренува прашања за воените цели на руските сили во Украина и за нејзините пошироки геополитички амбиции. Тоа влијае на регионалната стабилност и на меѓународните напори за решавање на конфликтот преку дипломатски средства. Тактиката на „рововска војна“ во урбани средини ја влошуваат хуманитарните предизвици, вклучувајќи голем број цивилни жртви, раселување и оштетување на критичната инфраструктура. Ова ја нагласува потребата од меѓународна хуманитарна помош и од механизми за заштита во конфликтните зони. Приспособувањето на тактиките за „рововски војни“ ги стимулира иновациите во воената технологија, логистиката и оперативното планирање. Оваа тактика го охрабрува развојот на контрамерки против одбраната заснована на ровови и ја подобрува ефикасноста на одбранбените стратегии во слични конфликтни средини.
Повторното враќање на тактиката „рововска војна“ во војната во Украина ја покажува нејзината приспособливост и трајната важност за современите воени сценарија. Како што се развиваат воените стратегии за да одговорат на новите предизвици, така и лекциите научени од „рововските војни“ во Украина даваат значаен увид во динамиката на современото војување и во меѓународната безбедност.
Стратегиските импликации на „рововските војни“ се протегаат и надвор од бојното поле, влијаејќи на воените доктрини, на меѓународните односи и на хуманитарните напори во конфликтните зони ширум светот.

Ѓорѓи Вељовски





# Кариерен развој на подофицерите (2)

Статичниот дел кој, всушност, е постојан и примарен, треба да ги регулира условите за поставување и унапредување на подофицерите во однос на потребното завршено стручно школување (по редослед на постоечките кариерни курсеви и школи) за поставување на секоја должност посебно, чин со кој подофицерот може да се упати на соодветен курс, минимум време поминато во чин како услов за упатување на повисок стручен курс/школување, временскиот период во поглед на времетрењето - колку долго може една должност да се извршува, прецизирани услови за упатување на стручно школување, поставување и унапредување во однос на службените оценувања вклучувајќи ја и оценката од проверките на физичката подготвеност како посебен критериум, стимулативни и дисциплински мерки и така натаму. Динамичниот дел, кој е и секундарен, треба да се состои од анализа на состојбата со подофицеркиот кор за одреден временски период (на пример, една деценија), во однос на следниве податоци: приближна бројка на подофицерите кои ќе заминат во пензија, бројот и видот на повисоки подофицерски формациски места и должности кои треба да се пополнат, моменталната бројка на подофицери кои исполнуваат услови за поставување и унапредување во повисок чин или должност, моменталната бројка на подофицери кои исполнуваат услови за упатување на стручно оспособување и школување на еден од постоечките кариерни курсеви, постоење на петгодишни планови за нивно менторирање и развивање во кариерата и така натаму.

Правилникот за поставување и унапредување на подофицери, како гарант за професионалната кариера на секој подофицер, треба да биде изработен од работна група составена од докажани подофицери со врвен кредибилитет, врз основа на статистичко и аналитичко истражување кое ќе се состои од статичен и динамичен дел за кариерниот развој на подофицерите

Во Армијата на Република Северна Македонија моментално постојат шест кариерни курсеви за подофицерите кои треба да бидат завршени по редослед, и тоа: Основен курс, Курс за инструктори, Напреден курс, Борбено-штабен курс, Курс за прв подофицер и Курс за постари подофицери (Курс за главен подофицер во баталјон), како и Висока школа за подофицери во Хрватска и Подофицерска академија во САД. Основниот курс за подофицери има цел да му овозможи на слушателот (професионален војник со чин десетар кој завршил Примарен курс за лидери или негов еквивалент, и извршува или извршувал должност командир на тим) стекнување со основни знаења и способности кои се применуваат и се применливи во сите родови и служби во Армијата, потребни за секој подофицер кој должноста ја извршува во основниот чин водник, додека стручното-специјалистичко знаење се добива со стажирањето како трет модул на школувањето и со понатамошната дообука во единиците во кои подофицерите ќе бидат распоредени. Курсот за инструктори ги оспособува подофицерите во методиката на пренесување на воените знаења при

изведување на борбената обука и воспитување. Овој курс е наменет исклучиво за подофицерите кои извршуваат командирски должности во чин водник, а најчесто тоа се командирите на одделение како непосредни учесници и изведувачи на обуката, што е услов за поставување на должноста командир на 1.одделение како подофицер, кој заедно со командирот на вод е носител на обуката на ниво вод. Напредниот курс за подофицери (еквивалент на Курсот за командири на водови за офицери), ги оспособува подофицерите кои извршуваат должност како командир на 1. одделение за извршување на должности како заменици-командири на водови, први подофицери во вод или командири на вод и ова е услов за еден подофицер да биде поставен на една од горенаведените должности. Борбено-штабниот курс ги оспособува подофицерите со завршен напреден курс за извршување на сите должности при работење во која било секција во штаб на една команда и истиот е услов за поставување на подофицери на штабни работни места и должности. Воедно, лицата коишто ќе се определат или одредат за работа во штаб, нивната подофицерска кариера треба да се развива исклучиво по линија на работа во штаб во некоја повисока команда. Курсот за прв подофицер е наменет за оспособување на подофицерите за вршење на должноста прв подофицер во чета, и истиот е услов за поставување. Курсот за постари подофицери (Курс за главни подофицери во баталјон), ги оспособува првите подофицери на чета за вршење на должноста главен подофицер во баталјон, и истиот е услов за поставување.

Со Правилникот за поставување и унапредување на подофицерите треба да се регулира редоследно завршување на кариерните курсеви за подофицери, поради континуитет во нивното постоење и намената во однос на знаењето кое се стекнува, без нивно прескокнување, каде што поставувањето ќе биде врз основа на завршено школување како потврда за компетентност и оспособеност за извршување на работните должности. Поставувањето и унапредувањето на подофицерите без редоследно завршување на кариерните курсеви или без завршен предвиден кариерен курс за должноста на која се поставува еден подофицер, доведува до импровизации во работењето, нарушување на континуитетот на кариерниот развој на подофицерите преку нарушување на континуираниот кариерен процес, кој најдобро може да се опише со мислата на Бернард Маламуд: „Во погрешен воз, секоја станица е погрешна“.

Треба да се регулира на кој кариерен курс, кои подофицери, со кој чин и од која должност можат и имаат право да



се упатат на стручно школување, како на пример:

- Подофицери со чин водник, поставени на должност командири на одделенија, можат да се упатат на Курс за инструктори за да добијат поставување како командири на 1. одделение и би се стекнале со чин водник 1. класа.
- Водник 1. класа, поставен на должност командир на 1. Одделение, е услов подофицерот да се упати на напреден курс за да оствари право на поставување како прв подофицер на вод, заменик-командир на вод или командир на вод и би се стекнал со чин постар водник.
- Постар водник, поставен на должност прв подофицер на вод, заменик-командир на вод или командир на вод, е услов за упатување на борбено-штабен курс или курс за први подофицери, за да оствари право на поставување на подофицерска должност во штаб или прв подофицер во чета и би се стекнал со чин постар водник 1. класа.
- Постар водник 1. класа, поставен на должност прв подофицер во чета, е услов за упатување на курс за постари подофицери (Курс за главен подофицер во баталјон), за да оствари право за поставување на должност главен подофицер во баталјон и би се стекнал со чин наредник.
- Наредник, поставен на должност главен подофицер во баталјон, е услов за упатување на Висока подофицерска школа во Хрватска или на Подофицерска академија во САД, за да оствари право за поставување на должност главен подофицер во повисока команда (бригада и повисока команда заклучно со армија), и би се стекнал со чин главен наредник.

Со Правилникот за поставување и унапредување на подофицерите треба да се регулира минималното времетраење на извршувањето на предвидената подофицерска должност и просекот на последните двегодишни службени оценки, вклучувајќи ја и оценката од проверката на физичката подготвеност, пред подофицерот да оствари право на упатување на наредниот повисок кариерен курс или школување (пример, подофицерите треба да поминат минимум три години во чин и должност пред да остварат право на упатување на стручно оспособување, каде службената оценка во последните две години не треба да е пониска од „особено се истакнува“, вклучувајќи ја и оценката од проверката на физичката подготвеност). Потребно е да се регулира и времетраењето на поставеноста и времетраењето на извршувањето на една должност, особено за специфичните подофицерски должности како што се прв подофицер во чета и главен подофицер во баталјон и повисоко, бидејќи врз основа на истражувањата во кариерниот менаџмент е утврдено дека предолгото задржување на работниците (повеќе од 5 години на едно работно место), доведува до губење на креативноста и иновативноста во работењето, која е најинтезивна во првите 2 години од поставувањето, што доведува до пасивност во работењето, работење по шаблон, како и кочење во кариерниот развој на останатите перспективни припадници. Стимулативните и дисциплинските мерки како критериум, треба да се земат во предвид при рангирањето на подофицерите како кандидати за упатување на стручно оспособување и школување, поставување или унапредување, посебно повисоките стимулативни мерки, награди и одликувања, како на пример Орден за храброст, Плакета за исклучителни резултати на Министерството за одбрана, Голема плакета на Армијата, Златна значка на Армија и други мерки. Дисциплинските мерки, исто така треба да се земат предвид,



особено кога станува збор за стручното оспособување или поставување на должностите прв подофицер во чета или главен подофицер, бидејќи истите се одговорни за дисциплината на потчинетите подофицери и војници.
Иако сертификатите за завршени национални кариерни курсеви на подофицерите не содржат просек со која оценка подофицерот го завршил неговото стручно школување, сепак постои рангирање на подофицерите како слушатели на ниво на армија, за секој курс посебно, во согласност со резултатите од тестирањата, полагањата и покажаната ефективност за време курсот, каде што во конечната ранг-листа на слушателите се избираат тројца најдобро рангирани слушатели (тројца прворангирани подофицери), што не треба да биде само показател за можностите и предиспозициите на подофицерот, туку и критериум кој ќе влијае врз рангирањето на перспективните подофицери како услов за нивното идно упатување на стручно школување, поставување или унапредување.
Цивилното академско образование на подофицерите исто така треба да биде фактор и критериум во рангирањата, поготово кога станува збор фалкутети и науки кои се сродни со воената академија и военото учење, како на пример: Полициска академија, Факултет за безбедност, Факултет за детективи, Факултет за одбрана и мир и други слични фалкутети кои укажуваат на интелектуалните можности и компентенциите на подофицерите.
Потребно е регулирање на начинот на селектирање и избор на подофицерите како кандидати за стручно школување, поставување или унапредување, каде што примарната задача ќе ја има каналот за поддршка на подофицерите (првите и главните подофицери), кои предлагањето на кандидатите треба да го вршат на јавен и транспарентен начин, врз основа на јавна ранг-листа, достапна на увид за сите останати потчинети подофицери во рамките на една единица или команда, со цел мотивирање на подофицерите и избегнување на можните форми на субјективност и субјективно работење. Формирањето на ранг-листа на подофицерите се врши од страна на првите и главните подофицери, врз основа на службените оценки, стимулативните и дисциплинските мерки, мислењата на претпоставените старешини, обрасците за следење на работата на воените лица, книгите за рапорт и службени разговори и така натаму. Првиот или главниот подофицер презема мерки за следење на работата на потчинетите подофицери, правење на проценка врз основа на релевантни факти (службени оценки, стимулативни и дисциплински мерки итн.), прави интерни тестирања, ги следи внатрешните и надворешните оценувања, формира рангирање на подофицерите во ранг-листа за секоја тековна година посебно, ги селектира најдобрите во согласност со формираната ранг-листа, повикува на интервју, менторира и предложува кандидати до повисокиот подофицер според хиерархија во каналот за поддршка на подофицерите со предлог-мислење во писмена форма. Главниот подофицер во баталјон и повисоко, формира одбор (борд) на подофицери кој врши тестирање, интервју, проценување, рангирање, селектирање и предложување на најдобриот кандидат.
Првите и главните подофицери, како ментори на подофицерите, се најодговорни за нивниот кариерен развој, бидејќи треба да ги препознаат перспективните подофицери и нивниот работен потенцијал, да ги знаат нивните компетенции и амбиции, да ги уочат и да работат на подобрување на критичните способности и вештини на потчинетите. Истите овие подофицери се одговорни и за централизирано обучување и индивидуално менторирање и изработуваат повеќегодишен план за кариерен развој на подофицерите.
Унапредувањето на подофицерите во повисок чин е поврзано со поставувањето на соодветно формациско место и должност, должината на работното искуство, регулирано со Законот за служба во Армијата (членови 65 и 66), како и со службеното оценување во последните две години. Унапредувањето во повисок подофицерски чин на подофицерот, со самото негово поставување на нова должност, без да помине минимум две години вршејќи ја должноста како временски период во кој би се увиделе способноста, ефективноста и резултатите од работата и би се овозможила процена врз основа на службените оценувања, каде како услов би бил просекот на службената оценка која не треба да е помала од „се истакнува“ по сите точки на оценување. Унапредувањето на подофицерите во повисок чин со самото поставување, без службено оценување за време на вршењето на новата должност, во практиката се покажа како контрапродуктивно, како од професионален аспект така и од аспект на ефикасноста во работењето и кариерен развој, бидејќи по автоматизам подофицерите се стекнуваат со повисок чин, се пополнува и се ограничува бројот на повисоките расположливи работни места, со што доаѓа до стагнација и демотивација на перспективниот кадар. Како преодно решение за овој проблем е одредени подофицерски должности да се извршуваат со чинови во распон, а унапредувањето да не биде зависно само од поставувањето и должината на работното искуство поминато во чин, туку и од просекот на службените оценувања во последните две години. Подофицерската кариера секогаш треба да се гради врз основа на компетентноста, додека подофицерските чинови го означуваат нивото и степенот на подофицерските овластувања и одговорности, како што се истакнува во DA PAM 600-25: „Чинот е само ознака за означување на одговорноста“. Служењето како подофицер не е за оние со „слабо срце“, тоа е одговорност и начин на живот кој се состои од саможртвување и лојалност. Носењето на подофицерски чин бара безгранична дисциплина, послушност, посветеност и ентузијазам, затоа што граѓаните, на припадниците на Армијата, гледаат како на „авангарда на слободата“, додека столбот на вооружените сили го претставуваат подофицерите (NCO backbone of the armed forces, страница17).

Виктор Крстевски



# Причини за појава на приватни безбедносни актери

Приватната безбедносна индустрија и појавата на приватни безбедносни актери започнала во деведесеттите години на 20 век. Со заедничко делување на три круцијални фактори – завршување на Студената војна и вакуумот што го предизвикала во барање и давање безбедност, трансформацијата во природата на војувањето и нормативниот раст на приватизацијата во сите сектори – се создаде нов простор и потреба за формирање на приватна индустрија на безбедност, односно потреба од приватни безбедносни актери

Крајот на Студената војна предизвикал значајни редукции во големината на националните војски, но истовремено дошло и до пораст на глобалната несигурност. Како последица од завршувањето на Студената војна дошло и до појава – вишокот на оружје и на воена опрема да се најде во рацете на приватните актери, а не во државна сопственост, додека бројката на нестабилни конфликтни подрачја двојно се зголемила. Трансформацијата во природата на војувањето и револуционерните промени на сите нивоа на војување, исто така имале имале големо влијание врз појавата на приватните безбедносни актери. Воените операции станале пософистицирани благодарение на високата модерна технологија. За ракување со високософистицирана опрема честопати биле потребни цивилни специјалисти за одредени области кои управуваат со високоразвиени воени системи. Потребата од високо технолошко војување драматично ја зголемила потребата од цивилни експерти кои честопати морало да бидат ангажирани од приватниот сектор. Приватизацијата на воената индустрија, поттикната од приватизацијата во другите области во општеството, им овозможила на приватните фирми да станат потенцијални, а понекогаш и приоритетни провајдери на безбедносни и воени услуги. Водењето војни со низок интензитет (кои резултирале со огромен број на бегалци), зголемената улога во давањето на хуманитарна помош, испраќањето вооружени сили во конфликтите подрачја, како и приватизацијата на јавната управа (со сите свои елементи), се фактори што во голема мера придонеле за брза експанзија на приватната индустрија на безбедност и до појава на приватни безбедносни актери. Некои аналитичари сметаат дека општествените промени, реинтегративните процеси и дисолуцијата на државите во деведесеттите години на минатиот век се основната причина за зголемување на приватната безбедност додека, според други, основната причина е релативизирањето на улогата на полицијата, а според трети, тоа е резултат на појавата на хипокризија во безбедносната сфера.

Новосоздадените и по дефиниција слаби држави многу често биле неспособни да го одржуваат внатрешниот ред и поредок, така што станале главна клиентела на приватните безбедносни актери. Изминатава деценија е зголемен бројот на нови приватни безбедносни актери (приватни безбедносни и воени компании) во меѓународни рамки, пред сè како

резултат на потребата за пополнување на безбедносниот јаз и вакуум простор настанат од ограничената ефикасност на меѓународната заедница. Притоа, компаниите најчесто се создадени од вишокот воени лица, настанат како резултат на воените рестрикции во повеќе западни земји во последнава деценија.
Регулирањето на оваа сфера е неопходно затоа што овозможува да се поставaт „правила на игра“ и стандарди. Потребата од правно регулирање на безбедноста е поврзана за природата, значењето и посебноста на безбедносните функции внатре во државата и општеството и неопходно е безбедноста да се остварува преку единствен систем. Правното уредување на општествената сфера овозможува целокупниот правен систем да делува на единствен начин во сите области на општествениот живот. Функционирањето на сите државни институции, вклучувајќи ги и безбедносните, е засновано на соодветни правни норми. Одредбите на законските акти кои на национално ниво го опфаќаат безбедносното подрачје, укажуваат на најважните одредници на правната концепција на безбедноста, како што се: начело на законитост, постоење на правна држава и почитување на клучните општествени и економски потреби. Без соодветна регулатива може да дојде до отстапување од планираните цели и задачи и ќе бидат ограничени, без можност да го корегирааат, а со тоа и да го подобрат своето работење. Секако дека истото важи и за приватната безбедносна индустрија и за субјектите кои даваат услуги во оваа дејност. Регулирањето кај приватните безбедносни компании и другите безбедносни актери е со цел тие да бидат одговорни за своите акции, особено бидејќи главната разлика меѓу нив и државните безбедносни провајдери е тоа што тие се директно одговорни пред парламентот, владата и јавноста, додека ПБК единствено одговараат пред нивните клиенти.
Приватниот безбедносен сектор, односно приватните безбедносни актери, треба да бидат предмет на законска регулатива за да се определи начинот на нивната работа, условите за вршење приватно обезбедување, санкциоирање на можните злоупотреби на работата и така натаму. Затоа регулативата е широк концепт што опфаќа сет од закони, правила и одредби што се однесуваат на работата на поединци и на фирми.
Организацијата на ОН ги следи активностите на платениците уште од времето на војните за деколонизација во Африка. Во 1989 г. Генералното собрание на ОН на 72. пленарна седница ја донесе Резолуцијата 44/34, Меѓународна конвенција со која се забранува регрутирање, употреба, финансирање и обука на платеници. Конвенцијата стапи во сила во 2001 г. Напорите на ОН да се регулира активноста на приватната воена и безбедносна индустрија сè уште траат, дел поради фактот дека регулативите во одреден степен се неадекватни, и дел поради фактот дека државите што најмногу ги користат нивните услуги, како САД, Франција и Велика Британија, ја немаат ратификувано оваа конвенција. Понатаму, постои колизија помеѓу ставовите на Работната група за употреба на платеници, која е силно критички настроена кон контрактори и зголемената потреба на ОН од ПВБК во своите мисии во странство, особено во зоните на конфликт. Во земјите како што се Авганистан и Сомалија, ОН сметаат дека не е доволно да се потпираат само на локалните полициски сили, и оттука прибегнуваат кон најмување приватни службеници за заштита на нивниот персонал и објекти. Овој тренд евентуално може да ја доведе во прашање неутралноста на операциите на ОН.
Конвенцијата од Монтро во 2008 година ја истакнува улогата и обврските на сите актери инволвирани во користењето на активностите на ПВБК при вооружен конфликт. На пример, за да се обезбеди примената на добрите практики во работата и дејствувањето на ПВБК, договорните држави во Договорот од Монтро треба: да извршат селекција на услугите; да утврдат процедури за селекција и најмување на ПВБК; да утврдат критериуми за селекција на ПВБК; да обезбедат услови за договор со ПВБК; да обезбедат соодветен надзор и одговорност.
Дополнително, самата приватна индустрија лобира за поголема улога во ПВБК во мисиите на ОН, тврдејќи дека нивната употреба е побрза, поевтина



и поквалитетна. Овие предлози го игнорираат ризикот што ја поврзува употребата на ПВБК во мировни мисии, во смисла на „киднапирање“ на мисијата од рацете на ОН и загубата на јавната доверба во институциите на ОН. Зголемената побарувачка на контракторски персонал доведе до потреба од јасна дистинкција помеѓу функциите, целите, овластувањата и механизмите за контрола на ПВБК. Како што се истакнува и во Минхенскиот безбедносен извештај, традиционалните чувари на поредокот се истоштени и имаат тенденција на повлекување, но другите актери не отстапуваат од нивната улога во конфликтите и кризите.

м-р Ксенија Митева





# Војната во Украина и организацијата на жените

И покрај континуиранаата деструкција и уништувањето предизвикано од целосната инвазија на Русија на Украина, војната отвори и нови врати за чекор напред во организацијата на жените на Украина. Имено, Украина е во ситуација кога суштински ги преиспитува родовите улоги, ги проширува можностите на своите граѓани и служи како модел за другите земји. Во овој контекст, вооружените сили на Украина се првото место каде што гласовите на жените добиваат сè поголемо значење

Украина им дозволи на жените да учествуваат во воени операции за гарантирање на националната безбедност и одбрана, а тие помагаат да се одбие и одврати вооружената агресија од страна на Русија. Во моментов, 40.000 жени служат во Вооружените сили на Украина, вклучително имаат и борбени улоги. Понатаму, 8.000 жени имаат офицерски позиции, а 5.000 служат на линијата на фронтот. Во блиска иднина може да се создаде посебна борбена единица која ќе се состои исклучиво од жени. Создавањето женски борбени единици во вооружените сили на Украина и другите воени формации ќе овозможи пристап до одредени работни позиции на жените, а воедно ќе се добијат еднакви права и можност и за двата пола во однос на воената служба. Од ова може да се заклучи дека е направен значителен прогрес во однос на учеството на жените во процесот на донесување на одлуки. Имено, оние кои претходно не преземаа одговорност за донесување одлуки сега се принудени да го сторат тоа на ниво на семејство или заедница. Дополнително, и раселувањето ги променува социјалните прилики на семејствата и заедниците, што отвара нови можности за организацијата на жените. Понатаму, економскиот товар, присуството на сопрузите на првата линија или неспособноста за работа, исцрпувањето на заштедите или ресурсите како и зголемените оптоварувања за нега создаваат простор за жените да се вклучат во одлучувањето на ниво на семејство и егзистенција. Затоа и според

Брзата родова анализа на Украина, спроведена од CARE International и UN Women, во првите месеци од целосната инвазија, женското лидерство и нивната улога во одлучувањето се зголемија на ниво на семејство и заедница, а жените потврдуваат дека учествуваат под еднакви услови како и мажите во донесување на семејните одлуки како одговор на кризата.

Учеството на жените во процесот на донесување одлуки

Жените активно волонтираат и се во првите редови во обезбедувањето хуманитарна помош за заедниците погодени од војна. Додека постои тенденција мажите повеќе да се ангажирани во одбранбените и безбедносните активности, жените им помагаат на ранливите популации и ги поддржуваат вооружените сили на Украина. Тие, исто така се одговорни за координирање на обезбедувањето на хуманитарна помош, барање нови станови за раселените лица, прифаќање хуманитарен товар, барање завои т.е. санитарен материјал, купување тркала за болнички кревети, сечење ткаенина за мрежи и собирање на финансиски средства. Дополнително, вклучувањето на Украинките во непрофитни организации, исто така, е еден голем чекор напред и во справувањето со семејното насилство. Имено, во јули 2022 година Украина ја ратификува Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, попозната како Истанбулска конвенција. Оваа одлука е донесена под притисок на коалицијата од над 50 организации за правата на жените, кои организираат неколку кампањи за промовирање на ратификацијата. Таквата мобилизација покажува дека семејното насилство не е проблем кој е тргнат на страна туку и дека галсот на жените се слуша дури и за време на целосната инвазија на Русија. Програмите насочени кон намалување на семејното насилство, исто така, долгорочно придонесуваат за намалување на нивото на насилство во општеството и на подготвеноста да се живее со него. Инаку, војната предизвика уште понапредно ниво на дигитализација што ги засега сите, вклучително и постарите жени. Па, оние кои немале компјутерски вештини ги совладале неодамна. Постарите роднини или познаници се придружуват на „Telegram“, „Signal“ и на другите платформи што претходно не ги користеа, вклучувајќи ги и онлајн-продавниците и другите услуги. Усвојувањето нови технологии станува единствениот начин да се бараат придобивки, да се добие сертификат за внатрешно раселено лице (на англиски јазик: IDP) и да се аплицира за финансиска компензација за недвижен имот оштетен за време на воените дејствија, што може да се направи преку Diia, владината апликација и веб-порталот што нуди пристап до многу јавни услуги и дигитални документи. Така, да сега жените преземаат се поголема одговорност во областите кои традиционално се сметаат за привилегија на машките членови на семејството.

Пратеничките на украинскиот парламент и активисти, исто така, се на првата линија на меѓународната дипломатија, застапувајќи ги интересите на земјата. Војната во Украина, од која побегнаа милиони луѓе, им наметна на соседните земји невидени предизвици но, во исто време, бројни можности бидејќи повеќето бегалци, од кои 90 отсто се жени, кои носат многу придобивки за заедниците каде што привремено се населуваат. Нивното ниво на образование, на пример, значително ги разликува од другите бегалци. Според истражувањето спроведено во Германија, украинските жени-бегалки вообичаено се добро образовани, а дури 72 отсто од нив имаат високо образование. Тие, дури и кога работат на работни места под нивната образовна квалификација, ја носат својата вредна перспектива и искуство. Покрај тоа, полека стануваат и неформални амбасадори на Украина во нивните нови заедници. Исто така, од почетокот на целосната инвазија, женските пратенички на украинскиот парламент и активисти, се на првите линии на меѓународната дипломатија, застапувајќи ги интересите на земјата со европските и американските партнери. На пример, на различни форуми, Владата на Украина упати апел со барање за повеќе оружје. Во 2022 година, добитничката на Нобеловата награда за мир, Олександра Матвијчук, вели: *„Да, јас сум бранител на човековите права и за мир, но денес барам да и дадам повеќе оружје на Украина“.* На сличен начин, во јули 2022 година, за време на нејзината посета на Вашингтон, првата дама на Украина, Олена Зеленска, побара од Конгресот оружје, *„оружје што нема да се користи за водење војна на туѓа земја, туку за заштита на својот дом и право да се будам жив во тој дом“.*

Како заклучок може да се каже дека жените играат клучна улога во трансформирањето на традиционалните погледи за градењето мир. Барањата на Зеленска, Матвијчук и стотици други жени го тераат светот да ја преиспита традиционалната улога на жените и не да ги гледа само како жртви, туку како и „агенти на промени“. Постигнувањето на родово балансирано опкружување бара да престанеме да гледаме на жените низ објективот на конвенционалните општествени улоги и да се фокусираме повеќе на женските организации и нивниот придонес кон мирот.

м-р Билјана Поповска

(адаптирано од: https://www.gmfus.org/news/russias-war-ukraine-and-womens-agency)





# АРМИСКИОТ ПРИДОНЕС ВО С



# ПРАВУВАЊЕТО СО ПОЖАРИТЕ

# Јужноафриканското оклопно извидувачко возило „ROOIKAT 76“ 8x8

Оклопното возило „ROOIKAT 76“ 8x8, во основа е наменето да се користи како вооружен извидувач, но може да се користи и за противоклопна борба, огнена поддршка, гранична патрола и операции кај кои е потребна голема мобилност на земјен терен. Оклопното тело на „Rooikat 76“ е изработено од заварени челични плочи, кои на предниот дел од возилото му овозможуваат заштита од дејство на панцирни проектили со калибар од 23 mm, а на другите страни заштита од лесни пешадиски оружја, додека оклопот на долната страна од возилото овозможува заштита од нагазна мина. Возилото има класична градба и поседува распоред кој се среќава кај тенковите, односно во предниот дел е сместен управувачкиот оддел со возачот, централно е поставена борбената купола во која се сместени командирот на возилото, нишанџијата и полначот на топот, додека во задниот дел од возилото е сместен погонот со трансмисијата. Возачот е сместен напред централно во возилото, а може да влезе преку борбениот оддел или преку отворот со едноделен поклопец над неговата позиција. Набљудувањето напред му е овозможено преку три перископи, а централниот перископ може да се замени со пасивниот ноќен перископ „Eloptro ND-20“. На бочните страна од трупот, помеѓу втората и третата осовина, се вградени мали отвори за излез од трупот, со цел при евакуација на екипажот да се избегне стрелбата од пешадиско оружје. Во борбената купола командирот на возилото седи десно, а напред под неговата позиција е седиштето на нишанџијата, додека полначот на топот е позициониран од левата страна на куполата. На куполата околу поклопецот на командирот се вградени осум перископи за кружно набљудување од 360°. Додека пред отворот на командирот, е вграден и дневен панорамски перископ со зголемување од 12 пати, што на командирот му овозможува кружно набљудување од 360°. Командирот, по потреба, може да го преземе видикот од нишанскиот систем на нишанџијата. За потребите на нишанџијата на кровот од куполата е вграден примарниот перископски нишан „GS-35“, кој има канали за дневно и ноќно (пасивен канал) гледање (со зголемување од 8 пати за дневно и 7 пати за ноќно гледање) и интегриран Ng YAG-ласерски далечиномер. За потребите на нишанџијата, десно од топот е вграден и секундарен телескопски нишан со зголемување од 5,5 пати. И нишанџијата и командирот можат да управуваат со топот. Оружјето го опслужува дигитален систем за контрола на огнот, кој  зема податоци од сензорите и обезбедува автоматско решение за борбено дејство. Полначот на топот има едноделен поклопец на отворот кој се отвора наназад, а пред и лево од поклопецот се вградени 2 перископи. Од стандардна опрема возилото се опремува со уред за противпожарна заштита, уред за АБХО заштита, комуникациски и уреди за ноќно набљудување, генератор за задимување кај погонот (со вбризгување на недосогорено гориво), а поновите верзии поседуваат автоматски систем за регулирање на притисок во гумите, метео сензор и друго. Главно оружје на Rooikat 76, е топот GT4 со нажлебена цевка со калибар од 76 mm, која поседува должина од 4.712 mm, а производител е компанијата Lyttleton Engineering Works. Овој топ е целосно стабилизиран. а за движење на кополата и топот се користи електромеханички погон. Куполата со нејзината ротација на топот му овозможува дејство од 360°, додека по елевација топот може да се движи од -10° до +20°. Максималната брзина на дејство на топот изнесува шест гранати во минута. Топот користи два вида гранати: APFSDS-T (со брзина од 1.600 m/s) и HE-T (со брзина од 915 m/s). Ефикасен дострел со топот при непосредно дејство е 2.000 m, а максимален дострел 12 km. За потребите на топот во возилото се сместени 48 гранати. Од левата страна на топот е поставен коаксијален митралез M1919 (MG4) со калибар 7.62 mm, а уште еден митралез M1919 (MG4) со калибар 7,62 mm е поставен на куполата кај отворот на комадирот, кој е наменет за одбрана на мала далечина и заштита од летала. За потребите на двата митралези во возилото се сместени 3.600 куршуми. Дополнително, на секоја страна од куполата се поставени по четири лансери на димни гранати со калибар од 81 mm. Како погон во возилото е вграден „V-10“ турбо дизел-мотор со течно ладење, со моќност од 420 kW (563 кс), во комбинација со автоматска трансмијија



која поседува 6 брзини за движење напред и една за назад. Во возилото е вграден и генератор од 24 V и шест батерии од 12 волти. Инаку, возачот има можност да избере погонот на тркалата да биде 8x8 или 8x4, а управувањето се изведува преку предните две осовини. Од „Rooikat 76“ се произведени 262 возила во неколку подверзии, а возилата ги користи само армијата на Јужна Африка. Врз основа на оклопната шасија од возилото се развиени неколку прототипови/верзии: „Rooikat 105“, ловец на тенкови со топ од 105 mm, „Rooikat  ZA35“, самооден артилериски противавионски систем, „Rooikat SAM“, самооден ракетен противавионски систем, „Rooikat 35/ZT-3“, самооден ракетен противоклопен систем и други.

Ивица Дамески

### Објаснување на пресек-сликата

**1.** Топ „GT4“ со калибар од 76 mm, со термоизолациона облога и одводник на барутни гасови

**2.** Три перископи за возачот

**3.** Поклопец од отворот за возачот

**4.** Секундарен нишан за нишанџијата

**5.** Примарен нишански систем за нишанџијата „GS-35“

**6.** Седиште за нишанџијата

**7.** Дневен панорамски уред за командирот

**8.** Митралез за командирот„ M1919“ (MG4) со калибар 7,62 mm

**9.** Поклопец од куполата на командирот и 8-кружно поставени перископи

**10.** Седиште на командирот

**11.** Антена






**12.** Лансери на димни гранати со калибар од 81 mm

**13.** Погон

**14.** Поклопец од отворот за полначот на топот

**15.** Перископ за полначот на топот

**16.** Седиште за полначот на топот

**17.** Девет гранати во куполата спремни за дејство

**18.** Помошен отвор за екипажот

**19.** Коаксијален митралез „M1919“ (MG4) со калибар 7,62 mm

**20.** Пневматици 14,00 x R20, со run flat-вметнувања

**21.** Тркалата поседуваат независна суспензија, составена од спирални пружини и хидраулични амортизери

**22.** Седиште за возачот

**23.** Управувач

| **Тактичко-технички карактеристики на „ROOIKAT 76“** | |
|---|---|
| **Екипаж** | 4 членови |
| **Должина на телото** | 7.9 m (со топот 8.2 m) |
| **Широчина** | 2.9 m |
| **Височина до кров на куполата** | 2.5 m (2.8 m севкупна височина) |
| **Клиренс** | 0.4 m |
| **Борбена тежина** | 28.000 kg |
| **Погон** | 10-V турбо дизел мотор, со моќност од 563 ks |
| **Максимална брзина на пат** | 120 km/h |
| **Брзина на земјена подлога** | 60 km/h |
| **Автономија на движење** | 1.000 km |
| **Премин преку препрека** | 1 m (земјена), 0.6 m (бетонска) |
| **Премин преку ров** | 2 m |
| **Премин преку водена препрека** | 1.5 m |
| **Максимална нагорнина** | 70% |
| **Страничен наклон** | 30% |
| **Капацитет на гориво** | 540 литри |



# Авион „Kawasaki C-1“

Воениот транспортен авион познат како „Kawasaki C-1“ е развиен и произведен од јапонскиот конгломерат „Kawasaki Heavy Industries“ и истиот се користи единствено од страна на Јапонските воздушни сили за самоодбрана. Оваа компанија произведува широка палета на познати производи (мотоцикли, тешка опрема, индустриски роботи, гасни турбини и други индустриски производи) и воедно е една од трите најголеми тешки индустриски производители во Јапонија. За време на Втората светска војна била главен производител на борбените авиони од типот „Ki-61“

Развојот на авионот „C-1“ започнал во 1966 година како одговор на оперативните побарувања од Јапонските воздушни сили за самоодбрана кои барале замена за авион во состав на нивната транспортна флота (американскиот транспортен авион „Curtiss C-46 Commando“, првенствено произведен за време на Втората светска војна). Авионот „Kawasaki C-1“ за прв пат полетал на 12 ноември 1970 година, а поголемо производство на овој тип авиони започнало во текот на следната година. Од 1974 година авионот е во оперативен состав и редовна употреба како воен транспортен авион во рамките на Јапонските воздушни сили за самоодбрана. Последниот произведен модел „C-1“ бил испорачан во 1981 година. Биле изградени вкупно 31 авион, не земајќи ги предвид прототиповите и специјализираните авиони. Авионите им биле доделени на две единици во рамките на Јапонските воздушни сили за самоодбрана, 402. и 403. транспортна ескадрила. Воведувањето на транспортниот авион „C-1“ довело до значително подобрување на тактичките транспортни способности на воздушните сили. Со овој тип се формирал столбот на транспортната способност на Јапонските воздушни сили за самоодбрана во текот на втората половина на 20 век, како и на почетокот на 21 век. Компанијата и.т. развила и понов и поголем тактички авион, со подолг долет, познат како „Kawasaki C-2“, со планови за целосна замена на флотата „C-1“ од страна на јапонските воздушни сили. Во споредба со постариот „C-1“, авионот „C-2“ е значително поголем воздушен транспортер, кој може да полета со три пати повеќе носивост, како и да поседува поголема издржливост. До 2010 година, програмата за развој на замена за „Kawasaki C-1“, позната како „Kawasaki C-2“, достигнала напредна фаза. Од 2014 година, воздушните сили за самоодбрана полека почнуваат да го „пензионираат C-1“ од својата активна употреба. Во 2016 година новиот модел „Kawasaki C-2“ станал оперативен, со планови за целосна замена на тактичките товарни авиони „Kawasaki C-1“ и „Lockheed C-130 Hercules“.

**Дизајн и карактеристики**

До средината на 1960-тите, способностите, опремата и летачките карактеристики на повеќедеценискиот авион „C-46“ кој бил во употреба, се намалиле во споредба со повеќето понови авиони како што бил „Lockheed C-130 Hercules“. Од тој аспект, дел од службениците во Јапонските воздушни сили за самоодбрана биле мотивирани да лобираат за домашно дизајниран и произведен транспортен авион, а ваквите амбиции биле успешно инкорпорирани во Третиот план за градење одбрана. Со тоа Јапонските воздушни сили за самоодбрана пристапиле кон компанијата „Nihon Aircraft Manufacturing Corporation“, конзорциум од неколку големи јапонски корпорации, кои во тоа време биле ангажирани за производство на „YS-11“,

автохтоно развиен авион од повоената ера. Во 1966 година компанијата започнала со дизајнерска работа на она што подоцна било означено како „C-1“. По прегледот на дизајнот од програмата, компанијата одлучила јапонскиот конгломерат „Kawasaki Heavy Industries“ да служи како главен изведувач на „C-1“, па од таа причина авионот го носи името „Kawasaki C-1“. Покрај големиот придонес на компанијата „Kawasaki“ во програмата, значителни делови од авионот биле произведени и од страна на други производители. Поточно, делот од опашката, моторите, како и средниот и задниот дел на трупот, биле конструирани под лиценца на јапонскиот конгломерат „Mitsubishi Heavy Industries“, поголемиот дел од крилата биле произведени од „Fuji Heavy Industries“, а одредени делови биле изградени од компанија специјализирана за хидроавиони.
Во однос на неговата основна конфигурација, авионот „C-1“ има среден долет, што наликува на поголемиот авион „Lockheed C-141 Starlifter“. Максималниот долет на „Kawasaki C-1“ предизвикал проблем откако островот Окинава ѝ бил вратен на Јапонија од САД, не можел да биде во рамките на неговиот долет. Ова можеби бил еден од факторите во одлуката да се намали планираната набавка на „C-1“ во корист на американското производство на транспортен авион од типот „C-130H Hercules“ (стапил во оперативна употреба во 1989 година, во состав на 401. тактичка воздушна ескадрила на воздушните сили). Друга причина биле општите намалувања на различни воени програми и иницијативи за набавки во текот на 1970-тите години. Во однос на капацитетот на носивост, еден авион од овој тип може да транспортира до 80 целосно опремени војници, 45 падобранци или 36 повредени лица на носилки, односно гломазен товар, вклучувајќи камиони или џипови, кои би биле натоварени преку рампа поставена на задниот дел на воздухопловот. Авионот вообичаено е управуван од петчлен екипаж, составен од двајца пилоти и тројца членови на мисијата (инженер по летање, навигатор и техничар за товар). Авионот има високо ниво на перформанси кои му овозможуваат да реализира кратко полетување и слетување, односно на овој тактички авион му требаат само 2200 метри за полетување од писта, односно 1200 метри за слетување.
Се користи и дење и ноќе, како и во сите временски услови за реализација на операции со примена на бројни електронски системи за мисии и за навигација. Кога е празен, авионот „Kawasaki C-1“ има тежина од 23.220 килограми, а максималната тежина на полетување изнесува 38.700 килограми.



Може да развие максимална брзина од 806 км/час, има плафон на лет од 11.580 метри, а максималниот долет изнесува 3353 километри (максималниот долет со полна тежина се намалува на само 1300 километри). Долетот на овој авион бил намерно намален за да се задржи оперативното покривање на авионите во Јапонија, со цел да се усогласи со јапонската политика која нема офанзивни способности. Проблемот настанал во 1974 година откако островот Окинава и бил вратен на Јапонија од страна на САД и затоа што немал способност да носи товар помеѓу островите Кјушу и Окинава.
Јапонското Министерство за меѓународна трговија и индустрија покажало голем интерес за програмата „C-1“ со интенција (надвор од својата примарна цел како военоориентиран воздушен транспортер) да го усвои дизајнот на „C-1“ како основа за проектот за комерцијален транспорт од следната генерација. Ваквите напори биле напуштени, со цел да се насочат кон напорите за меѓународна соработка (како што била програмата за новиот авион „767“ на американската воздухопловна компанија „Боинг“). Од друга страна биле направени напори да се вклучат технологиите и знаењата научени од програмата „C-1“ во други сектори на јапонските компании.
Поголемото разбирање на структурниот дизајн, на техниките за спречување замор на материјалот и слично, биле пренесени за производство на автомобили и друг возен парк, заедно со контролните панели и останатите системи. Авионот „Kawasaki C-1“ бил во оперативна употреба само во Јапонија и истиот не бил понуден за извоз.
Со оглед на тоа што производството одамна било прекинато, а јапонската влада не сакала да извезува воен хардвер, авионот никогаш не станал дел од странските воени воздухопловства.

Драган Павловски





# „Лесно тактичко услужно возило“

# „GM Defense Light Tactical Utility Vehicle“

Лесното тактичко корисно возило, дизајнирано од страна на компанијата „GM Defence“, подружница на „General Motors“, специјализирана за воени производи, е приспособено за армијата на САД и за сојузничките сили за поддршка на одржливи операции во предизвикувачки средини. Возилото е дизајнирано да поддржува команда и контрола, електронско војување и спротивставување на беспилотните воздушни системи за време на мисијата

Концептот на корисното возило е изведен од напредната комерцијална технологија на „Chevrolet Colorado ZR2“ и платформата за камиони „Chevrolet Silverado Heavy-Duty“ (HD). Возилото е дизајнирано да поддржува команда и контрола, електронско војување, спротивставување на беспилотни воздушни системи, извидување и логистички операции. Во мај 2024 година „GM Defence“ објави дека муницијата (loitering) „Херо-120“ ќе биде вградена во лесното тактичко корисно возило.

**Дизајн и карактеристики на лесното тактичко корисно возило на „GM Defense“**

Лесното корисно возило е долго 6,44 метри, широко 2,51 м и високо 2,12 метри. Користи неколку компоненти кои не се на полица, туку дополнително се дизајнираат и се произведуваат (off-the-shelf), вклучително и делови за изведба на „Chevrolet“, за да ги подобри своите теренски способности и да овозможи брза приспособливост. Решението на корисното возило располага со товарен кревет „Silverado HD“ со стандардна должина на задниот дел, што го прави идеален за сместување на системите „Hero-120“. Возилото може да прими четири или пет патници со конфигурација на седишта 2/2 или 2/3. Возилото е така дизајнирано за да може да се транспортира по воздушен пат со воен транспортен авион „C-130“. „GM Defense“ нуди низа комплети за подобрување на смртоносноста на возилото, вклучувајќи далечински вооружени системи, како и адаптери монтирани на прстени за оружје на кровот на возилото за офанзивна мисија.

**Мобилност и перформанси на лесно тактичко корисно возило**

Лесното тактичко корисно возило на GM Defence има тркала 18×9 и гуми од 37 инчи. Опремено е со неколку карактеристики кои помагаат во справувањето со предизвикувачките услови за движење надвор од патот, вклучително и подобрени агли на

пристап и поаѓање и лизгачки плочи или заштита на подвозјето, како и ревидирана суспензија со поширока патека и зголемена висина на облогата. Возилото располага со хидраулично засилување на сопирачките (хидро засилувач) и диск сопирачки на сите четири тркала со систем против блокирање на сопирањето – (ABS - anti-lock braking system). Опремен е со електронски заклучувачки диференцијал (блокада) на предната и задната оска, заедно со подигната предна независна суспензија, поддржана од торзиони шипки и подигнати полуелиптични повеќестепени лисни пружини на задната суспензија.
Останатите карактеристики вклучуваат модул за контрола на моторот „GM“, модул за контрола на кутијата за пренос на „GM“ и контролен модул за шасија, заедно со систем за заштита од превртување којшто се наоѓа во платформата за камиони „Chevrolet Silverado HD“.

**Карактеристики на интерфејсот за лесно корисно возило**
Лесното тактичко корисно возило има системи за следење на нивото на горивото, брзината на возилото, вртежите на моторот во минута, предупредувачките светла, состојбата на осветлувањето, трепкачите, дигиталниот брзиномер, километражата на патувањето, опсегот на гориво, векот на траење на филтерот за воздух и работниот век на сопирачките. Електричниот систем се одликува со компатибилен систем на 24 V, интерфејс за подредени кабли на НАТО алијансата, режим на затемнување, борбен режим, опција за електронски комплет за контрола на брзината, помошни приклучоци за струја и универзален полнач за батерии.

**Систем „Hero-120 MCL-E“**
Системот „Hero-120“, повеќеканистерски лансер/експедициски (MCL-E) систем, е развиен од „Uvision“, компанија за одбранбена технологија и од „Mistral“, снабдувач на системски решенија за одбранбените пазари и за спроведување на законот. Муницијата, која како да лебди (loitering), е дизајнирана со цел онеспособување на непријателските борци, додека сопствените сили ги чува подалеку од директен непријателски оган. Тој е способен да цели и да ангажира широк опсег на цели, вклучувајќи оклопни возила, непријателски трупи, теренски утврдувања и урбани структури.
Вградувањето на „Hero-120 MCL-E“ во лесното тактичко корисно возило нуди борбена ефикасност за војниците, без разлика дали се инсталирани или се преносливи, проширувајќи ја нивната оперативна способност и подобрувајќи ја нивната смртоносност во низа борбени ситуации. Способноста за прецизен удар на лебдечката муниција е дизајнирана да ја максимизира ефективноста додека ја минимизира колатералната штета, обезбедувајќи оперативен успех во борбени ситуации.
Лесното корисно возило е опремено со GM Duramax 6.6L турбо дизел V8 мотор. Користи „Allison“ (10-брзински автоматски менувач) и GM AutoTrac со две брзини за пренос. Возилото вклучува систем за гориво со директно вбризгување Common Rail со систем за електрична пумпа за гориво под висок притисок. „Мистрал“ ќе го обезбеди беспилотното летало „UVision Hero 120“, таканаречено „камиказа дрон“, кое ги таргетира непријателските средства без да ги изложува борците на директен оган. Лебдечката муниција тежи 14,5 килограми (32 pounds) и вклучува боева глава од 4,5 килограми (10 pounds). Има издржливост на летот до 60 минути, дострел од 60 километри (37 милји), максимален оперативен плафон од 3.000 стапки (914 метри) и способност за ниски температури до -28 степени Целзиусови (-18,4 Фаренхајти).
Лесното тактичко возило е дизајнирано да биде доволно цврсто за да работи долг период во тешки средини, без да се расипе. Возилото нуди низа „модуларни комплети“ за различни намени на терен, вклучително и поставки за специјалните сили. Опремено е со Multi-Canister Launcher – Expeditionary или MCL-E, така што може да лансира повеќе дронови заедно со потребните контролери.
Со појавата на овие возила ќе се обезбеди зголемена побарувачка на пазарот за лесни тактички возила кои обезбедуваат агилност, брзина и смртоносност. Соработката на „GM“ со „Mistral“ ја демонстрира разновидноста на лесното тактичко корисно возило и неговата способност да ги подобри тактичките способности на бојното поле.

Идриз Идризоски

| Карактеристики и спецификации на лесното тактичко корисно возило | |
|---|---|
| **Производител** | GM Defense |
| **Тип на возило** | Light Tactical Utility vehicle |
| **Должина** | 6,44 метри |
| **Широчина** | 2,51 метри |
| **Висина** | 2,12 метри |
| **Мотор** | GM Duramax 6.6L турбо дизел V8 |
| **Трансмисија** | Allison 10 transmission |





# „Handley Page HP-52 Hampden“

Во раниот период од Втората светска војна, британскиот авион „ХП-52“ бил еден од најсофистицираните и интересни воздухоплови, со способности кои биле рамо до рамо со германските воздухоплови кои, пак, се сметале за најдобри во светот. Иновативните и неконвенционални линии на воздухопловот „ХП-52“ биле добредојдени кај многумина од плејадата на сојузнички пилоти

После молскавичната германска операција која го одбележала почетокот на Втората светска војна, а воедно и падот на Полска, Велика Британија официјално декларирала војна на Германија. Несомнено дека наредната офаниза на Германците ќе биде кон Западот, односно кон Франција. Британксите воени експерти, сосема логично анализирале дека по падот на Франција, Велика Британија ќе биде следна. Иако знаеме како се одвивала историјата, сепак, она што е фасцинантно е дека француското и британското воено раководство не можеле да го проценат воденотехничкиот напредок на Германците, и покрај сведочењето на перформансите на нивните авиони и тенкови при инвазијата на Полска. Тогашната воена индустрија на Франција и Велика Британија била уште заглавена со последиците од Првата светска војна. Имено, по официјалната декларација која ја втурнала Велика Британија во војна со Германија, военото раководство на Велика Британија проценило дека е неопходно да се организираат постојани воздухопловни напади на германски цели. Во раниот период од Втората светска војна ова било многу ризично, бидејќи Германците се подготвувале за војна неколку години, пред официјалниот почеток на Втората светска војна, и биле добро опремени. Нивните западни граници биле чувани со голем број на противвоздушни топови, митралези и голем број на одлични и напредни ловци „Месаршмит Ме-109“. Но, поттикнати од идејата да прикажат единство кон домашната популација и способност да се спротивстават на германската воена машина, военото воздухопловство на Велика Британија започнало со борбени операции, употребувајќи еден од првите сојузнички бомбардери кој успеал да го бомбардира Берлин во раните години на Втората светска

војна, одличниот „Хендли пеіџ ХП-52“.

**Дизајн**

Во раниот период од Втората светска војна, британскиот авион „ХП-52“ бил еден од најсофистицираните и интересни воздухоплови, со способности кои биле рамо до рамо со германските воздухоплови кои, пак, се сметале за најдобри во светот. Иновативните и неконвенционални линии на воздухопловот „ХП-52“ биле добредојдени кај многумина од плејадата на сојузнички пилоти. Имено, дизајнот на авионот потекнувал од далечната 1932 година, седум години пред почетокот на Втората светска војна. Раководството на военото воздухоплвоство на Велика Британија издало спецификации, односно тендер за дизајн на бомбардер, способен за изведување борбени операции во денски услови. Спецификацијата била позната под името „Спецификација Б.9/32“. Набргу дизајнот на компанијата „Хендли пеіџ“ бил селектиран и првиот прототип на аивонот „Хендли пеіџ ХП-52“ бил произведен под сериски број К4240. Дизајнот бил толку неконвенционален што предизвикал бурни изјави во јавноста. Неколку репортери го нарекле авионот „летачки куфер“, бидејќи дизајнот на централната воздушна конструкција бил многу тесен и висок и наликувал на куфер. На 21 јуни 1936 година, по успешниот лет на прототипот, раководството на военото воздухопловство на Велика Британија извршило нарачка од 180 примероци. Тоа значело дека компанијата „Хендли пеіџ“ може да се впушти во активно сериско производство на авионот „ХП-52“. Дизајнот на авионот предвидувал четиричлена посада, составена од



пилот, навигатор, радиооператор и оператор на митралез. Авионот бил опремен со еден митралез, „браунинг“ со калибар од 7.7 милиметри, лоциран во предниот горен дел од централната воздушна конструкција кој бил фиксен, односно неподвижен. Натамошното вооружување се состоело од еден мануелен флескибилен митралез „викерс“ со калибар од 7.7 милиметри, лоциран исто во предниот носен дел од централната воздушна конструкција, кој бил целосно конструиран од плексиглас, еден мануелен флескибилен митралез „викерс“ со калибар од 7.7 милиметри, лоциран во задниот горен дел од централната воздушна конструкција и еден мануелен флексибилен митралез „викерс“ со калибар од 7.7 милиметри, лоциран во задниот долен дел од централната воздушна конструкција. Имено, целосната поставеност на вооружувањето била слична со поставеноста на германскиот бомбардер „Дорниер До-17“. Покрај одличните карактеристики на бомбардерот „ХП-52“, конфигурацијата на одбранбените митралези била неадекватна во изведувањето боребни операции во дневни услови. Тоа довело до нова директива издадена од воздухопловниот маршал Артур Харис, која подразбирала замена на постоечките едноцевни „викерс“ митралзеи со двојни, или двоцевни „викерс“ митралези. Ваквата нова конфигурација значително ја подобрила самоодбраната на бомбардерот. Конструкцијата на





| Главни карактеристики на „ Handley Page HP-52 Hampden “ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 4 |
| **Должина** | 16,33 метри |
| **Распон на крила** | 21,08 метри |
| **Висина** | 4.55 метри |
| **Површина на крилата** | 62.1 квадратни метри |
| **Мотор** | Два клипни „ѕвезда“ мотори „Bristol Pegasus XVIII“, придвижувани со помош на 9 цилиндри на воздушно ладење. Еден мотор бил способен да развие 1000 коњски сили. |
| **Максимална брзина** | 398 километри на час на висина од 4200 метри |
| **Опсег на оперативно летање** | 2770 километри |
| **Вооружување** | Еден митралез „браунинг“ со калибар од 7.7 милиметри, лоциран во фиксна позиција во носниот дел од бомбардерот<br>Три митралези „викерс“ со калибар од 7.7 милиметри, лоцирани во предниот и во задниот дел од централната воздушна конструкција<br>Способност за носивост на бомби со максимална тежина од 1800 килограми или едно торпедо со дијаметар од 457 милиметри. |

бомбардерот била целосно од метал. Различните делови од авионот биле индивидуално составени пред да бидат прикачени на главнината од воздушната конструкција. Централната воздушна конструкција се состоела од три дела: предна, централна и задна. Сите овие секции можеле да се отстранат при потреба, што било добредојдено кај механичарите и посадата за одржување на воздухопловот. Имено, тоа значело и лесен, евтин транспорт на авионот со помош на камиони или теретни возила. Можеби едни од клучните карактеристики на бомбардерот „ХП-52“ биле специфичните крила кои биле главен причинител за способноста на развивање на релативно висока брзина од 426 километри на час, притоа задржувајќи ја способноста на релативно ниска брзина при слетување од 117 километри на час. Во раниот период од Втората светска војна овие карактеристики биле неконвенционални и иновативни. Едноставно, сите останати воздухоплови во светот од ист или сличен ранг немале таква брзина како авионот „ХП-52“. Севкупната конструкција на бомбардерот имала лесно управување од страна на пилотите. Тие, исто така, имале одлична прегледност и пристап до иновативните контроли на хидрауликата кои ги регулирале флаповите на крилата на авионот. За разлика од другите авиони, хидрауликата во бомбардерот „ХП-52“ била мазна и неотпорна за управувње. Останатите квалитети на бомбардерот вклучувале и голема стапка на искачување која, исто така, била заслужна за дизајнот на централната воздушна конструкција со мала тежина и конфигурацијата на крилата. Можеби единствениот недостаток на авионот била неговата предност. Имено, пристапот во дизајнот на воздухопловот бил различен и наликувал повеќе на пристап кој бил употребуван во дизајнирање на ловец, а не бомбардер. Ширината на централната воздушна констуркција била многу тесна, само за еден член во ширина. Пилотот и навигаторот биле лоцирани еден позади друг. За да се стигне до пилотската кабина навигаторскиот стол морал да се повлече. Но сите овие параметри, придонеле воздухопловот да има голема брзина, маневрирачки способности и агилност. Ова значи дека, сепак, авионот „ХП-52“ бил меѓу првите бомбардери кои извршиле ноќно бомбардирање на главниот град на Германија, Берлин.

Димитар Даневски



# Кратка историја на картографијата: Важноста на мапите за цивилизациите

Картографијата е богата, обемна дисциплина која опфаќа временски период од илјадници години, уште од античкиот свет, почнувајќи од Вавилонците, Египќаните и Грците коишто создавале мапи за навигација и истражување на светот, па до модерниот и современиот свет со фасцинантен напредок во технологијата која продолжува да ги шири границите на картографијата. Мапите на просторот и морското дно кои се технолошки можни денес, во суштина, не се разликуваат од илустрираните мапи на фантазиите од минатото, бидејќи картографијата се обидува да ја разбере и да ја пренесе реалноста преку претставување.

> Низ историјата, човештвото отсекогаш било заинтересирано да го запознае, да го визуелизира и да го илустрира светот што го опкружува. За таа задача картографијата се покажала како корисна алатка

Мапите и проекциите овозможуваат да се дознае повеќе за нашиот свет преку проучување на нашата околина. Уметноста и науката за правење карти започнала пред илјадници години. Иако некои претстави слични на мапи доаѓаат од праисторијата, тие едвај да се вистински мапи. Во раните лулки на цивилизацијата, картографијата почнала да се одвива од потребата за познавање на нивната околина и за пловидба. На Блискиот Исток, Вавилон предводел со прецизни техники на премерување, додека Феникија водела во поморството и истражувањето. Некои од овие први мапи покажуваат главен тренд во картографијата: разновиден приказ на реалноста. Вавилонската карта, покажувала симболична претстава на светот на не премногу технички и прецизен начин, но според нивното разбирање и ценење на познатиот свет. Приказот на Вавилон на неговата Светска карта



ја покажува вавилонската територија во кружна форма опкружена со вода, неточен географски модел кој сепак се вклопувал со религиозното разбирање на неговиот свет. Во меѓувреме, Феникијците биле значително повеќе загрижени за точноста и прецизноста. Морепловството била опасна и комплицирана задача, па така географијата била повеќе синхронизирана со навигацијата и истражувањето. Се претпоставува дека Феникијците можеби знаеле дури и за заобленоста на Земјата. Оваа разновидност во претставувањето може да се види низ сите рани картографски прикази. Честопати, овие рани прикази го прикажувале познатиот свет на секоја цивилизација според нивната концепција за Земјата и нивното место во неа. Старите Грци, на пример, исто така верувале дека светот е диск опкружен со океан, голема река што го опкружува светот, а Грција лежи во централниот регион на Земјата, а рабовите биле населени со варвари и чудовишта, предмети на митологијата. Картографијата се раширила и се развила во поголемиот дел од Блискиот Исток и Европа. Римската империја била изградена врз работата на Персијците и Грците. Наскоро, Медитеранот бил целосно мапиран со изненадувачка точност. Отприлика во исто време, на Далечниот Исток, во Кина и во Индија започнале со сопствени обиди за картографија. За навигација биле користени карти со созвездија, додека во Индија биле креирани и мапи со детали за населбите и географијата. Во Кина, картографските потфати започнале уште во петтиот век пред нашата ера. Слично како и другите случаи, поморските истражувања одиграле важна улога во развојот на кинеската картографија. Како Римјаните и Грците, така и исламскиот свет на Блискиот Исток се изградил врз картографските традиции на нивните претходници. До средниот век, муслиманските научници успешно ги продолжиле и ги унапределе напорите за правење карти започнати во Месопотамија и следени за време на хеленските освојувања. Додека средновековна Европа го поминала својот „мрачен век“, исламскиот свет уживал во период на голем развој на науката за време на своето златно доба. Или, барем така се верувало. Иако исламскиот свет навистина уживал голем процут во науката и културата, идејата дека Европа поминала низ период на „голема темнина“ генерално се смета за невистинита според денешните стандарди. Така, и европската и исламската средновековна картографија доживеале голем развој и напредок. Исламските атласи го комбинирале знаењето добиено од арапските трговци и истражувачи со знаењето оставено од класичните картографи и научници како што се Клавдиј Птоломеј и неговата географија. Во Европа, „Mappa Mundis“ (Мапа на светот) станала секојдневие. Постоеле многу видови, а некои од најзначајните биле оние на Херефорд и на Фра Мауро. Една од најголемата комплексна мапа на светот била мапата Ебсторф, која била уништена за време на Втората светска војна.
После средниот век, раниот модерен период го доживеал времето на истражување од петнаесетиот до седумнаесеттиот век. Во текот на наведеното време, картографијата продолжила да се развива благодарение на откритијата и знаењето стекнато од европските истражувачи со нивните патувања во Америка, Африка и Далечниот Исток. Благодарение на ренесансата, класичните дела привлекле ново внимание, а мапите повторно станале предмет на истражувања. Овој пристап кон картографијата донел некои од најточните и најдеталните мапи до сега, при што претставениот свет достигнува попознати форми на она што се знае денес. Истражувањата на светот, како што се експедициите на Коломбо и обиколувањето на Магелан, обезбедиле големи количини на информации за светот, кој сега бил поделен на Стариот и Новиот свет, истакнувајќи го значењето на средбите и откритијата. Светот познат на Европејците секој пат бил пореален и поверен на географијата и физичката реалност на Земјата. Наскоро, земјите кои некогаш се сметале за дел од Азија, биле откриени како вистински дел од нивниот континент. Ваквите случувања



биле ефективно пренесени преку картографијата. Истражувањата на Колумбо и Веспучи, благодарение на картографите служеле за создавање на првата карта што некогаш го нарекувала Новиот свет како „Америка“. Делата на истражувачите биле претставени во мапи и проекции, кои, пак, по пронаоѓањето на печатот и масовното печатење, биле достапни за поголемиот дел од населението.

До осумнаесетиот век, светот според картите многу личел на она што го знаеме денес. Вистинската географија на светот главно била правилно преведена во картографијата. До 19 век, мапите изгледале речиси исто како и денес. Така, картографијата достигнала точка каде што, благодарение на науката и технологијата, биле можни точни и правилни прикази на Земјата, лесно произведени и лесно достапни.




Познатиот свет повеќе не бил само Северна Африка, Блискиот Исток и Северна Грција, како што бил за античките Грци. Наместо тоа, станал познат поголемиот дел од она што била Земјата. Но, дури и најмодерните и најнапредните прикази не би можеле вистински да го претставуваат светот во точната форма како неговата физичка форма. Бидејќи Земјата е сферична, преводот во дводимензионална форма е предмет на изобличување. Можеби еден од најпознатите случаи на таквата појава е Меркаторовата проекција, која ги претставува северните и јужните делови од светот како поголеми по големина од оние во близина на екваторот. Проекцијата, исто така, има тенденција да ја стави Европа во центарот на мапата, со што е предмет на обвинувања за евроцентризам. Деталното познавање на светот и поволната наклонетост кон Европа не биле невообичаени за светот од деветнаесетиот век во кој доминирале империјализмот и колонијализмот. Заобленоста на Земјата го оневозможува претставувањето на светот еден на еден, но сепак секоја различна проекција обезбедува посебен начин да се погледне светот. Слично на тоа, другите форми на претставување, како глобусите, подобро го прикажуваат светот земајќи ја предвид сферичната природа на Земјата. Новите технологии биле фундаментални за овие достигнувања, со нови и применети знаења во науките за Земјата, подобрувања во постоечката технологија и нови процеси.

Современата картографија е динамично и возбудливо поле. За разлика од картографијата во минатото, повеќе од кога било досега, сè е подостапно и интерактивно. На експертско ниво, основните општи карактеристики на картографијата се отворени за повеќето и генерално разбрани од многумина. Технологијата, како што е ГПС, е присутна во секојдневниот живот преку паметните телефони. Други технологии, како што се Географските информациски системи (ГИС), можат да лежат скриени меѓу другите попродажни карактеристики, а сепак се подеднакво корисни и изненадувачки достапни за повеќето луѓе. Курсевите за ГИС технологијата, на пример, можат да се најдат многу лесно на интернет, а вештините се покажуваат сè покорисни во високотехнолошкиот свет во кој живееме денес. Картографијата драматично еволуираше низ годините, од нејзините скромни почетоци како дисциплина вклучена главно со истражување и навигација до нејзините современи напредни стандарди кои продолжуваат да покажуваат што е можно кога станува збор за подобро запознавање на нашиот свет. На прв поглед светот може да изгледа целосно откриен, но новите технологии овозможуваат да се гледаат конкретни детали со посебни леќи кои покажуваат нова страна на нашиот свет и нашата околина. Денес, сателитските снимки и другите податоци во реално време покажуваат реални прикази на Земјата, па дури и на странски места во универзумот. Изработката на карти можеби повеќе не е поле поврзано со уметноста и речиси магичното создавање што некогаш го имало во претходните векови. Сепак, суштината останува во голема мера иста, поле посветено на откривање и комуницирање на светот преку интересни и привлечни прикази кои овозможуваат подобро да се разбере и да се цени.



Александар Стојчевски



# НОРА - Б52 НГ „ПЕРУН“

Самоодната хаубица НОРА Б-52 НГ „Перун“ настанала како неопходна потреба за развој на нова, самоодна и мобилна хаубица која ќе ги замени, ќе ги наследи веќе постоечките влечни хаубици и ќе одговори на предизвиците во делот на огнената поддршка во светски рамки

НОРА, или „Ново оружје на артилеријата“, како концепт датира уште од поранешна Југославија. Конструирано е на основа на топ-хаубица 152мм М84 НОРА-А со топ со нов калибар од 155 мм монтиран на камион од типот КАМАЗ-63501 или ФАП-2632 со погон на тркала 8x8. Поседува комплетна оклопна заштита за послугата и борбениот комплет на муниција од пешадиско вооружување и шрапнели, а зголемена е и отпорноста на самата платформа во делот на заштита од нагазни мини. После долгогодишен развој на проектот во текот на 2006 година започнува активно производство. Во 2009 година на саемот за оружје „Партнер“ во Белград, Србија ја претставува хаубицата (основна верзија) и веќе го отвора проектот за европскиот и светскиот пазар. Идеен творец, реализатор и водач на проектот „НОРА“ е дипломираниот инженер и полковник во пензија (сега починат) Анастас Палигориќ.
Најновата верзија на НОРА-Б52 НГ „Перун“ за првпат е претставена на меѓународниот саем на вооружување и опрема „Партнер 2023“ во Белград, Република Србија.

**Историски развој**
Во средината на осумдесеттите години во поранешна Југославија воената индустрија покрај развојот на останатите оружја, орудија и системи на сите родови и видови на Армијата била карактеристична и по развојот на нови артилериски орудија и системи. Кај артилеријата после воведувањето на топ-хаубица 152мм М84 НОРА-А продолжен е развојот на посовремени орудија во склад со новите тактичко-технички побарувања за тоа време. Едно од оперативните побарувања за зголемување на дометот на орудијата било да истиот се зголеми на 24.000 метри. Концептот НОРА-Б сам по себе за тоа време бил многу напреден и развоен и бил конкурентен во однос на останатите воени индустрии од светот.

Согласно тогашните побарувања и развојни капацитети воената индустрија и претпријатие „Југоимпорт“ и ден денес ги надградува постоечките достигнати остварувања врз база на веќе стекнатите искуства од програмата НОРА-Б со развој на разни варијанти на системот НОРА. НОРА-Б во тоа време претставува еден од ретките концепти за вградување на топот на орудието на носечка платформа на моторно возило со што започнала нова ера за промена на дотогашниот концепт на вградување на топот во носечка купола.

**Историски развој после распадот на поранешна Југославија**
По распадот на поранешна Југославија продолжуваат истражувањата и развојот на концептот НОРА со тоа што се бараат разни модификации за подобрување на затворачот на орудието, топовските

капсисли и заштитата на орудието. Целокупниот концепт НОРА по долгогодишни истражувања резултира со современа самоодна хаубица НОРА-Б52К1. Целиот проект е финализиран во фирмата „Лола-систем“, во соработка со врвни капацитети на воената индустрија како што се: „МБЛ Лучани“, „Слобода“, „ППТ“ и други.

**Карактеристики**

Високата ефикасност на НОРА-Б52 НГ „Перун“ е постигната со карактеристиките и развојот на следниве системи:

Балистичкиот систем се базира на цевка 155мм, со должина од 52 калибри, зафатнина на барутната комора од 23 литри со двокоморна гасна кочница со висока ефикасност. Барутната комора е развиена на основа на самозатворање со револверски систем на носач на топовски капсисли. Развиени се и современи моноблок барутни полнења со согорливи чаури.

Камионот поседува автоматска регулација на притисокот во пневматиците во зависност од теренот. Големата мобилност му овозможува брзо запоседнување на огнените позиции.

Без разлика на тежината НОРА Б-52 НГ „Перун“ може да се транспортира со авион Иљушин-76 и останати авиони од таа класа, со железнички транспорт и по поморски пат.

Во делот на хидрауликата на системот воведен е хидрауличен систем за прицврстување на цевката при движењето кој се состои од четворокрак преклопувачки лафет со вградени амортизери. Со него може да се управува од контролната станица на страничниот дел на системот. Цевката на орудието со помош на хидраулика се движи по правец и по висина со што се добива на време за подготовка на орудието со што брзината и ефикасноста на огнот значително се зголемува.

Автоматското полнење овозможува роботизирано доведување на проектилот и барутното полнење на линијата на полнење и нивно потиснување и внесување во лежиштето и барутната комора. Со тоа се намалува физичкото оптеретување на послугата и се постигнува поголем ефект и брзина на стрелба од 4 проектили за една минута. Системот за автоматско полнење има по 30 проектили и полнења и 6 дополнителни проектили и полнења сместени во модуларен дел позади кабината. Со тоа борбениот комплет на оваа хаубица е дефиниран на 36 проектили.

Системот за управување и софтвертскиот дел на хаубицата се компатибилни со современите артилериски орудија. Покрај системот за автоматско движење и наведување на орудието, истото има можност и за механичко придвижување на цевката.

Системот овозможува да се вршат и гаѓања од типот MRSI (Multiple Round Simultaneous Impact) со 3 проектили на домети до 30 км. Тоа во суштина значи дека 3 проектили би се истрелале од едно исто орудие но со различна елевација и истите би паднале на определената цел симултано со што би се постигнал изненадувачки ефект врз непријателот и би се избегнала можноста после првиот проектил непријателот да ги промени своите позиции.

Славчо Кузманоски



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НОРА Б-52 НГ „ПЕРУН“ | |
|---|---|
| **Послуга** | 4 |
| **Калибар на цевката** | 155 mm |
| **Начин на работа** | Автоматски, полуавтоматски и рачен |
| **Должина на цевките** | 52 калибри |
| **Запремнина на барутната комора** | 23 литри |
| **Дострел** | 32,5 km (со проектил ERFB)<br>41.5 km (со проектил ERFB-BB)<br>52 km (со проектил VLAP) |
| **Борбена тежина на орудието** | до 40 t |
| **Должина во маршевска положба** | 10500 mm |
| **Ширина во маршевска положба** | 2620 mm |
| **Висина во маршевска положба** | 3900 mm |
| **Хоризонтално поле на дејство** | лево 30 степени, десно 30 степени |
| **Вертикално поле на дејство** | од -5 до +65 степени |
| **Брзина на гаѓање** | 4 проектили за 1 минута |
| **Температурен опсег на работа на сите подсистеми на орудието** | од -25$^0$C до +55$^0$C |
| **Потребно време за премин од маршевска во борбена положба** | 60 секунди |
| **Можност за поминат пат со оштетени пневматици** | до 50km |
| **Минимален радиус на свртување** | ≤ 16 m |
| **Водени пречки** | 1 m |
| **Вертикални пречки** | 0,5 m |
| **Радиус на движење** | до 480 km |
| **м/в** | MAN, 8x8, турбо дизел-мотор со 440 к/с |



фото збирка: Ѓ. Чачкиров

# Едрилица „Инка“

Продолжувајќи ја сторијата за едриличарството и едрилиците воопшто, впечатливо е дека во периодот помеѓу двете светски војни, воздухопловното едриличарство доживувало незапирлив раст и развој во светски рамки. Главно едриличарството се развивало во организирани летачки центри, групи и аерклубови.

Воздухопловното едриличарство во периодот меѓу двете светски војни се развивало и ндивидуално и волонтерски, но било потпомогнато и од одделни државни институции или воени воздухопловни структури. Ваквиот развој бил видлив и во некогашното Кралство Југославија, а во неговите граници во тоа време спаѓал и овдешниот македонскиот простор. Всушност, главен едриличарски аниматор, организатор и двигател на овој наш простор бил скопскиот областен аероклуб, тогаш именуван, како и сите други југословенски клубови, Аероклуб на Кралството Југославија „Нашите крила“, Областен одбор Скопје.

Во развојот на скопските едриличари предводени од Љубомир Тевчев, којшто бил потпомогнат и од словенечкиот наставник по едриличарство Алојз Остерман, бројот на македонските едриличари секојдневно растел. Остерман престојувал во Скопје само во летните периоди. Тој развој се должел на зголемување на бројот на летала, делумно купени, а преостанатиот дел се изградени со напорна работа на едриличарите. Имајќи го предвид тој ентузијазам и градителски дух, како во Скопје така и во другите градови, словенечкиот професор Антон Кухељ проектирал нова воздухопловна едноставна едрилица. Таа давала можност за нејзина изградба во услови на ограничени капацитети, машини, алати и соодветно остручен кадар. Едрилицата ја именувал според кратенката од својата титула и иницијалите од сопственото име и презиме, ИНКА. Тоа значело инженер Кухељ Антон. Како прва самоизградба, едрилицата била изработена во почетокот на 1938 г., кога на словенечкото леталиште „Блоке“ ги покажала своите квалитети во летањето. Била вистинска едрилица која можела да се крева во воздух со т.н. автовитло (автомакара), или во аерозапрега (влечена со авион). Покрај тоа, оваа едрилица била како создадена за долготрајни летања со користење на термичките воздушни струења и особени пилотски вештини.

Со помош на повремено професионално ангажиран и активен словенечки наставник по едриличарство во Скопје, Алојз Остерман, кон крајот на 1939 г., едрилицата „Инка“ пристигнала и во скопскиот аероклуб. Оваа, нова едрилица, всушност била подобрената модифицирана верзија на првоизградената самоизградба од 1938 година којашто била насловена како „Инка 2“. Според појаснувањата на словенечкиот едриличар Остерман, сите воздухопловни едрилици од овој тип претставувале производ на самоизградба на словенечките аероклупски членови и активисти. На свеченото крштевање на скопските едрилици, односно нивното пререгистрирање со државна припадност и име, одржано на Зајчев Рид во 1940 г., таа добила регистрација „YU - Реља крилатица“, а неа ја крштевал тогашниот бан Вардарски.

Иако едрилицата „Инка“ била самоизградба (ја граделе искусни клупски членови-аматери), по примерот на веќе произведените, и таа била изработена според воспоставениот принцип на градба. Се користел мешовит материјал на конструкцијата, главно, од дрвени елементи и платно, како и дрвена лепенка (шпер-плоча) и други фабрички сегменти набавувани од фирмата

„Avia Richter". Клучните врзувачки составни делови биле од посебен челик, набавуван во претпријатието „Aero 50". Командните елементи биле метални, со фабрички атести. И оваа едрилица била едноседечка со високо поставено крило, потпрено со „чаталести" дрвени потпори прицврстени на трупот.
Како и кај другите едрилици, така и „Инка" имала труп оформен со дрвена конструкција од рамки/ребра, со шестаголен попречен пресек со издолжени бочни страни. Конструкцијата на предниот дел на трупот, во којшто бил вгнезден кабинскиот простор, била завршно затворена со дрвена лепенка (шпер-плоча), а преостанатиот дел од трупот, до површините на опашката, бил обвиткан со импрегнирана ткаенина. Во внатрешноста на самата пилотска кабина било вградено едно дрвено седиште, пред коешто била поставена управувачката палка со која се активирале крилните елерони (подвижни крилца) и подвижниот дел на хоризонталниот стабилизатор.
Во длабокиот преден и издолжен дел на кабината биле вградени ножните команди за управување со подвижниот дел на вертикалниот стабилизатор. Напред, во видното поле на пилотот биле поставени најосновните инструменти за покажување на брзината и височината на летање. Како подвоз за полетување и слетување, на најдолниот дел од трупот била поставена дрвена „скија", а како амортизери се користеле „топки" од цврста гума, вградени помеѓу конструкцијата на трупот и скијата.
Крилото на едрилицата било сосема рамно на долниот дел. Имало класичен правоаголен облик, со заоблени краишта заради смалување на т.н. индуктивен отпор. Градбата била со стандардна конструкција при којашто нападниот раб на крилото бил оформен со т.н. торзиона кутија оформена со предно полно дрво, а потоа, по должината на ребрата до главната раменица, затворена со дрвена лепенка. Од дрвен материјал биле изработени и профилните ребра, како и излезниот раб на крилото. Целата конструкција била обвиткана со импрегнирано платно. Аеродинамички, централниот дел на крилото имало аеропрофил од типот „Gö 549" а завршетоците имале аеропрофил од типот „NACA M9". Како лепак за составување на оваа, како и на многу други едрилици од тоа време, се користело т.н. казеинско туткало. Во внатрешноста, низ самата конструкција на двете половини на крилото минувале „плетени" сајли за управување со крилцата – елероните. За постигнување на поголемо зацврстување и издржливост на оптоварување, двете страни на крилото биле потпрени на трупот со дрвени потпори во форма на латиничната буква „V".



Едрилица „INKA"




Хоризонталниот и вертикалниот стабилизатор биле, исто така, со стандардна дрвена конструкција од нападен раб, раменица и излезен раб. Кај полето на раменицата биле раздвоени подвижните од неподвижните делови. Во овој случај конструкторот Кухељ се определил за дополнително конструктивно зацврстување и на хоризонталниот стабилизатор, со ставање дополнителни коси потпори прицврстени на трупот.
Воздухопловна едрилица „Инка" која се користела во скопскиот аероклуб била со должина од 6,3 м, височина од 2,05 м., кај вертикалниот стабилизатор, распонот – растојанието на крилата изнесувало 12 м., а нивната површина 16,35 м2.

Сопствената маса (тежина) на едрилицата изнесувала 130 кг, дозволената носивост 90 кг, или вкупната дозволена тежина на полетување ѝ била 220 килограми. Со оглед на фактот што оваа едрилица не била фабрички испитана, не се познати ниту максималната ниту минималната дозволена брзина на летање. Секогаш се летала со некоја оптимална брзина од околу 50 км/час.
Според колективната меморија и скудните предвоени податоци, евидентирани се вкупно три изградени едрилици од овој тип во Кралството Југославија. Ниту една од нив, вклучувајќи ја и скопската едрилица, не ја преживеала Втората светска војна.

Ѓорги Чачкиров



# Музеј на Воената авијација на Норвешка

Музејот посветен на Воената авијација на Норвешка е сместен во главниот град на Норвешка, градот Осло, поточно веднаш до самиот аеродром „Гардермоен". Колекцијата се состои од само 40 воздухоплови, но понудата на дополнителните активности и самиот простор го прават музејот да биде интересен и посакуван за посета. Воедно, експонатите се со доволно растојание помеѓу себе, што овозможува подобро разгледување на истите, како и нивно фотографирање

Музејот посветен на Воената авијација на Норвешка во Осло е забележан и како колекција на воени воздухоплови. Причината за истото е големиот број на воени воздухоплови кои не можеле да бидат сместени во музејот на авијацијата во Боде-Норвешка, кои биле дислоцирани и чувани на локацијата на овој музеј. Со текот на годините развиена е идеја да наместо како склад истите бидат изложени и искористени за оформување на засебен музеј кој ќе биде посветен само на военото воздухопловство. Самата локација каде е поставен музејот е на просторот каде бил позициониран хангар на поранешното германско Luftwaffe. Изградбата на музејот е започната во 1997 година, а со официјална работа започнува во 2000 година. Иако самиот музеј функционира на волонтерска база истиот е дел од музеите на вооружените сили на Норвешка.

Иако колекцијата на  Музејот посветен на Воената авијација на Норвешка во Осло брои само 40 воздухоплови, самиот распоред, понудата на дополнителните активности и самиот простор го прават музејот да биде интересен и посакуван за посета. Воедно, експонатите се со доволно растојание помеѓу себе што овозможува подобро разгледување на истите како и нивно фотографирање. Историскиот распон на воздухопловите започнува



со првите норвешки воздухоплови од 1912 година па се до денешните воздухоплови кои се во употреба во норвешкото воздухопловство. Музејската поставка е поставена во неколку делови и тоа: пионерска ера која го зафаќа периодот од 1912 година до 1920 година, следната поставка е посветена на периодот од втората светска војна, периодот на студената војна е трета поставка и последната е посветена на модерното воздухопловство.
Самиот објект е во форма на потковица и прошетката низ поставките и експонатите е во еден правец. На самиот влез од музејот на пиадестал е поставен „Northrop F-5A(G) Freedom Fighter“ додека на излезот од музејот се наоѓа „Lockheed TF-104G Starfighter“. На влезот во музејот после билетарата пред се ве дочекува продавницата за сувенири каде може да набавите различни книги, брошури, модели на воздухоплови, чаши и други видови на меморабилија. Исто така во склоп на музејот е и кафе барот кој е на самиот влез. Првата поставка после влезот е исполнета со авиони од почетокот на воено воздухопловство и тоа „Rumpler“ првиот воздухоплов во Норвешка истиот е реставриран и сега се ќува во посебна климатизирана просторија во склоп на музејот. Во овој дел се изложени и авионите тренажниот „Farman F.46“ и „BE2e“. Сегментот посветен на втората светска војна е доста богат и во својот состав ги има „DFS 108-14 Schulgleiter SG 38“, „Auster J/1“, „Fairchild M-62“, „Interstate S.1A Cadet“, „ Northrop N-3PB“ единствен од овој тип кој после срушувањето во 1943 е откриен во 1979 и е реставриран воедно истиот е еден од првите експонати во музејот. Други воздухоплови се „Noorduyn Norseman Mk.IV“, „Lockheed C-60A Lodestar“, „Douglas C-47A Skytrain (Dakota)“, германскиот „Junkers Ju 88A-1“ кој е извлечен во 2004 и реставриран, „Junkers Ju 52/3m“ и „Heinkel He 111P-2“ кој еден од првите експонати во музејот воедно истиот е реставриран во самиот музеј. Периодот од студената војна е покриен со дури 27 експонати од кои се истакнуваат „ Supermarine Spitfire PR XI“, „SAAB 91B-2 Sapphire“, „De Havilland Vampire F.3“, „Lockheed T-33A“, „Republic F-84G Thunderjet“ и „Republic RF-84F Thunderflash“, легендарниот „F-86F Sabre“ и „F-86K Sabre“ и „TF-104G Starfighter“. Во овој дел се изложени и неколку хеликоптери и тоа „Sikorsky H-19D-4 Chickasaw“, „Bell 47D-1„ и „Basement PK X-1“. Во последниот сегмент изложени се воздухопловите „Northrop F-5A и B(G) Freedom Fighter“, „F-16 AM“, „Lockheed C-130H Hercules“ и хеликоптерите „Westland Sea King Mk.43“, „Lynx Mk. 86“ и „Bell UH-1B Iroquois“. Посетителите може да влезат во дел од воздухопловите и да ја разгледаат нивната внатрешност.
Покрај поставките со воздухоплови во музејот има изложено дел од опрема која е посветена на единицата за против воздушна одбрана која била стационирана во Осло.
Музејот посветен на Воената авијација на Норвешка во Осло  е достапен со повеќе видови на транспортни средства (воз, автобус) а доколку се пристига со сопствено возило паркингот е бесплатен. Во околината има доста хотели и непосредноста на аеродромот го прави интересен за посета од туристи. Влезниците за истиот зависат од годините на старост на посетителите и изнесуваа од 8€ за возрасни до 5€ за деца. Воен персонал во униформа, волонтери во музејот и деца до 5 години се ослободени од плаќање на влезница. Работното време на музејот е секој ден од 12:00 часот па се до 16:00 додека во недела истото започнува од 11:00 и трае до 16:00 часот. За посетителите на музејот е достапен и симулатор за летање од типот F-16 кој во одредени денови поради големиот интерес работи со дополнителни работни часови. Во понудата на музејот е и изнајмување на просторот за организирање на активности како одбележување јубилеи, промоции итн за кои треба закажување однапред. Посетата на музејот одзема околу час и половина до два. Се на се ова е музеј кој е вреден да се посети и види.

Златко Блажески



# Државен натпревар во гаѓање со пиштол

На 1 јуни, во согласност со Програмата за обука на ОРОРСМ за 2024 година, на стрелиштето на Армијата „Долно Оризари“ и во касарната во Велес се одржа Државен натпревар во гаѓање со пиштол калибар 7,62 мм.
На осумдесетте учесници на натпреварот им се обрати и ги поздрави претседателот, д-р Гоце Георгиев кој, воедно, им посака успешен и безбеден тек на натпреварот.
На натпреварот, во екипен пласман, првото место го освои Кичево, второто Охрид и третото Скопје, додека поединечно, првото место го освои Миралем Билаловиќ од Охрид, второто Живко Ѓорѓиоски од Кичево и третото Зоран Мирчевски од Кичево. Во женска конкуренција, најдобро пласирана беше Валентина Блажевска-Андоновска од Скопје.
Признанијата за освоени прво, второ и трето место поединечно ги врачи претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев.
Исто така, претседателот на ОРОРСМ им врачи и благодарници за соработката и поддршката на активностите на Организацијата на Командата за обука и доктрини и благодарница на потполковникот Сашко Кузманов.



# Меморијален марш „Влатко – Благојче – Пеце 2001“

На 8 јуни, ООЕ на ОРОРСМ Битола, во согласност со Планот и Програмата за работа за 2024 година, го изведе Кондиционо-меморијалниот марш „Влатко – Благојче – Пеце 2001“. На маршот учествуваа 40 резервни офицери и подофицери од ООЕ на ОРОРСМ од: Битола, Охрид и Демир Хисар, како и претседателот на ОРОРМ, д-р Гоце Георгиев.Маршот се изведе на подрачјето на општина Крушево, каде што учесниците на маршот се запознаа со знаменистостите од Крушевскиот регион. Маршот се изведуваше во три фази: 1. фаза – Марш од околу два километри, односно од црквата „Свето Преображение“ до „Крст Исусов“ и назад. На оваа локација учесниците на маршот беа топло примени од домаќините во цркавата кои ги запознаа со културно-историското значење на црквата и со конаците. Воедно, на учесниците им беше покажана и собата за одмор што ја користел Тоше Проевски. Значајно е да се напомене дека во непосредна близина на „Крст Исусов“ се изврши топографска и географска ориентација на просторот; 2. фаза – Запознавање со знаменитостите во Крушево на месноста Гумење (Музеј „Македониум“, Музејот и вечното почивалиште на Тоше Проевски, Крушевското Езеро); 3. фаза – Марш во должина од околу 1,5 километар од платото каде што полетуваат параглајдерите до Мечкин Камен и назад.
Значајно е да се напомене дека оваа активност помина во најдобар ред и дисциплина.



# Кондиционо-едуктивен марш

На 15 јуни, Градската организациона единица Скопје (ГОЕС) реализираше марш во должина од 10 километри со повеќе содржински елементи на правецот: с. Блаце – с. Кожле – влевање на Пчиња во Вардар – Манастир „Св. Богородица“ – с. Кожле – с. Блаце. Пред почетокот на активноста учесниците беа поздравени од претседателот на ГОЕС, резервниот капетан Душко Насковски, кој ги поздрави и им посака успешна активност. Значајно е да се напомене дека, со цел подготовка на маршот и негова успешна реализација, членовите на ИО на ГОЕС, Златко Илиевски и Горан Стојновски, една недела претходно извршија извидување на правците на движење. Пред да почне маршот, учесниците беа информирани и предупредени со какви опасности ќе се соочат за време на движењето, а најопасни се: средба со змии-отровници, пред сè, поскок, змија којашто е најприсутен во тој реон, крлежи, отежнато движење поради ридско-планинскиот терен и многу топлото време. Од тие причини беа одредени двајца учесници, од коишто едниот ќе биде на чело на колоната, а вториот на крајот од колоната, со цел поголема безбедност, што се покажа како многу добро заради превенција од опасности. Доказ за тоа е што по само два поминати километри, учесниците на маршот имаа средба со змија-поскок на самата патека. Златко Илиевски ги запозна учесниците на маршот со флората и фауната на правецот на движење и пошироко во реонот на реализација на маршот. Учесниците на маршот имаа можност да поминат преку два висечки мостови, едниот на реката Вардар, а вториот



на реката Пчиња. За време на маршот се изведе географска и топографска ориентација и запознавање со културно-историските споменици. Пред самиот крај од оваа активност, во селото Блаце беше посетен и споменикот на загинатите единаесет мировници во хеликоптерската несреќа којашто се случи на 12 јануари 2008 година, при враќање од мисијата АЛТЕА во Босна и Херцеговина.

Тони Мицевски

# Народниот херој Илија Јовановски-Цветан




Илија Јовановски-Цветан е македонски комунист, револуционер, борец за слободата на Македонија и учесник во НОВ. Прогласен е за народен херој на Југославија на 2 Август 1952 година

Илија Јовановски-Цветан е еден од првите партизани кои зеле активно учество во Втората светска војна, партизан којшто прв ја информирал јавноста за почетокот на востанието во Македонија. Роден е  во 1920 г.  или 1921 г. во селото Топлица. Неговата мајка починала рано, а по нејзината смрт семејството се преселило во Прилеп. Основното училиште  завршил во Прилеп. Бидејќи неговиот постар брат започнал да изучува занает, татко му размислувал и Илија да го прати да изучува занает. Па така, Илија Јовановски започнал да изучува фурнаџиски занает. Освен што бил занаетчија, Илија бил член и на културно-уметничкото друштво „Абрашевиќ“, како член на драмската секција. Летото 1937 г. Илија заминал да работи во Србија каде што останал речиси две години и работел како фурнаџија. Во Прилеп се вратил во 1938 г.  Додека бил во Србија станал член на УРС-овите синдикати. Во 1939 г. станал член и на СКОЈ. Учествувал во илинденските демонстрации во Прилеп во 1940 година, а потоа, во август 1940 г., станал член и на КПЈ. Како член на Партијата и посветен активист на движењето, Илија извршувал поголем број задачи и бил уапсен од бугарската полиција додека пренесувал летоци до Варош. Откако го уапсиле, го мачеле во локалната полициска станица и го наведувале на признание, но тој ги издржал сите тортури. Иле бил притворен цели две седмици. Се зачленил во КП на Југославија во периодот кога работел во Монополот, заедно со Борка Левата. Во меѓувреме посетувале и курсеви и обуки за ракување со огнено оружје. Во август 1940 бугарските окупатори му врачиле покана за отслужување воен рок, но Илија не се пријавил за отслужување воен рок и чекал да започнат посериозни воени партизански дејства во организацијата. На 12 септември добил опрема од партизанската организација, така што бил во редовите на првите партизански групи во Прилеп. Тогаш, всушност, го добил и своето партизански име Цветан. Тој е еден од првите седум прилепски партизани кои на 12 септември 1941 година, во месноста Бидимаш на Селечка Планина, ја формирале првата партизанска чета, а станал борец на Прилепскиот партизански одред „Гоце Делчев“. По завршувањето на акцијата на 11 октомври во Прилеп, Илија Јовановски бил испратен да ја пробие блокадата во градот Прилеп, да влезе внатре и да се поврзе со партиската организација. Тој е првиот партизан којшто ја пробил блокадата и влегол во градот, а потоа подготвил информациски извештај и го изнел надвор од градот извештајот за акцијата на 11 октомври. Тоа е извештајот со кој го информирал македонскиот народ за почетокот на  народното востание во Македонија. После акцијата во Прилеп, Цветан го предводел одредот од Кадин Камен преку Топлица, па до Царевиќ. На почетокот на 1942 г., Цветан и Стрелката ја преминале границата на тогашната бугарска окупирана територија на Македонија и заминале за Западна Македонија. Во селото Подмочани зеле нови илегални имиња, Стрелката го именувале како Косте, а Цветан како Петре. И двајцата се претставувале како терзии од Струга. Во Преспа бил илегалец цели пет месеци и се движел во околните села. Кога во тој период се формирал Битолско-преспанскиот партизански одред „Даме Груев“, тој му се приклучил како активен член. Одредот во 1942 г. го зазел селото Смилево, а наскоро потоа станал командир на чета.
Во меѓувреме остварил контакти и разговарал и со Кузман Јосифовски-Питу за поставеноста на организацијата и структурата. Цветан успешно ја извршил зададената задача, односно преминал во Третата оперативна зона. На планината Караорман се формирал баталјонот „Мирче Ацев“, но Цветан веднаш бил повикан во Прилеп за да доведе друга група другари. Оваа задача успешно ја завршил и се задржал во Генералниот штаб. Набргу после ова започнале борбите во слободната територија Дебрца. По неколку борби во Мариово се формирала и Втората македонска ударна бригада, а Цветан бил назначен за заменик-командант на баталјонот „Мирче Ацев“. На празникот Илинден истата таа година се формирала Петтата прилепска бригада и Цветан бил назначен за заменик-командант. Бригадата забележала почетен успех и стигнала со борбите до Порече. При борбите во Порече Бригадата налетала на бугарски бункери. Бидејќи немале друг излез, Бригадата јуришала кон бункерот, а Цветан бил во првиот борбен ред.  Цветан се обидел со оружје да го нападне бункерот, но во тој момент бил смртно ранет. Животот на Илија Јовановски згаснал на  28 август 1944 г. во селото Здуње, Македонски Брод. Цветан не дочекал да го види Прилеп ослободен. Градот Прилеп бил ослободен десет дена по неговата смрт. Илија Јовановски-Цветан е прогласен за народен херој на 2 Август 1952 година.

Антоанела Димитриевска



# Невреме, наука и богови

После дваесетина зонски натпревари ширум планетава, светските богови на Сонцето, Аполон, Хелиос, Ра, Сах, Шамаш, Сораја, Дажбог и други, се „собрани на небото“ над Балканот на еден вид „светско првенство во пуштање горештина“. Боговите на Сонцето и нивните противници, Еол, Хефест, Локи, Перун, Стрибог и други, зад себе оставија пустош и, за последниве 30 години, убија два милиона луѓе, а над триесет милиони луѓе трајно беа избркани од нивните родни огништа

Горниов поднаслов не е стилски ефект, туку е најсликовито објаснување на топлотниот феномен со кој летово се соочуваат балканските земји, но и целиот европски континент. Почнувајќи од дваесетти јуни, немало ден светските информативни медиуми да не објават вест за катастрофалните пожари кои беснеат на континентот, но и во Република Македонија. Како и во сите апокалиптични појави, овие летни горештини се под опсервација на стручни служби, агенции, футуристи, гатачи и верски фанатици и се толкуваат според профилот на истите. Агенцијата при ОН (UNISDR) веќе три децении повторува една иста флоскула и тврди дека вината за климатските екстремности лежи во прекумерното емитување на јаглен моноксид во атмосферата, додека озонската дупка, „стаклената градина“, орканите, цунамите со егзотични имиња, се прогласуваат за главните виновници за апокалиптичните епизоди на Земјинава топка. Освен апелот до светските лидери „да ги елиминираат причинителите“, Агенцијата циклично објавува информации кои се поврзани со временските неприлики. Во една таква информација, објавена пред четири години, се наведува дека од 1980 до 1999 година, во светот биле регистрирани 4.212 природни катастрофи, а од 2000 до 2019 година, тие двојно се зголемиле или, поточно, во тој временски период се забележани 7.348 природни непогоди. Но, ако се разгледаат резултатите од минатата година и од првите шест месеци од годината, ќе сфатиме дека ниедна научна или лаичка статистика, не менува ништо значајно во зачестеноста и интензитетот на глобалните временските неприлики. Колку и да е апсурдно, споменатата статистика покажува дека современите екстремни климатски промени почнуваат токму во 2019 г., пред да се појави КОВИД-пандемијата. Според анализа на Институтот „Беркли“, таа година, во 29 земји во светот се забележани 400 највисоки температури на сите времиња. Во северна Канада и во Русија биле измерени температури над 40 Целзиусови степени, и тоа во јуни месец, што е надвор од мерењата во последниот век.Климатологот и историчар на временските појави, Максимилијано Херера, тврди дека 2021 г. била најтоплата година во историјата на нашата цивилизација и додава дека „навистина е проблем што ние тоа ни одблиску не можевме да го предвидиме“. Во Литон, Канада, истата таа година, температурата три дена не се симнувала под 49,3 Целзиусови степени, а како последица на ова, имало десетина катастрофални пожари и материјални штети од над три милијарди долари. И, додека во Канада „се печеле“, во истиот период Кина и Индија се соочиле со катастрофални поплави и стотина загинати. За материјалната штета и да не зборуваме.

**Науката и Бог**

И, токму на почетокот на втората деценија од 21 век, научниците за првпат јавно го поставија прашањето, дали е науката може да предвиди и да предупреди на природните феномени. Во оваа прилика нема да ги наведуваме имињата на институтите, универзитетите и научниците кои изразија сомневање во научните толкувања и предвидувања на климатските појави и промени. Така, експертот за животна средина во BBC, Роџер Харбин, потсетува дека сериозни научни потфати во таа област се започнати во 2004 година, после топлотниот удар кој во Европа бил причина за над 30.000 смртни случаи, но ова не дало резултати бидејќи наредните дваесет години се забележани природни



катастрофи во 111 земји. Во Европа, во 2023 г., како најкатастрофални се вбројуваат поплавите во Германија, во Холандија и во Полска, каде штетите се проценуваат на повеќе милијарди евра но, условно кажано, невремето однесе „само“ 33 човечки жртви.

Секогаш кога науката нема одговор на прашањето што е причината за некоја појава, се појавува „експерт“, кој предлага формирање на светски центар за барање на точен одговор. Во случајов, тој експерт е поранешната шефица на Британската метеоролошка служба, госпоѓата Џулија Слинго. Таа најверојатно немала информација дека за оваа проблематика во светот се формирани 119 специјализирани институции за следење и проучување на природните катастрофи. Од друга страна, научниците од Јужна Америка сметаат дека „природата има свои текови” и дека човекот има минимално влијание на екстремните климатски промени. Се разбира, нивните заклучоци се темелат врз тамошните искуства, а тие се темелат на земјотреси и циклони, каде е сосема безначајно влијанието на човекот.

Како и секогаш, наспроти науката, со свое толкување се јавуваат и божјите емисари кои не отстапуваат од исконската теза дека, со сите појави на Земјината топка управува Господ Бог. Тие се повикуваат на Библијата, па ги цитираат пророците и самиот Исус Христос и врховните божества на сите постоечки религии. Нивниот краен заклучок е дека сите несакани случувања предизвикани од човекот се претскажани во Библијата и не се ништо друго, туку сигурни знаци за второто доаѓање на Христос на Земјата. Да потсетиме дека истата теза се провлекува од 1600-тата година, која математички беше прогласена за крај на светот.

**Застрашувачка статистика**

Ако се изземат статистиките на науката и религијата, во тој случај природните катастрофи во кои човечкиот фактор е минимален, остануваат непроменливи. Природни катастрофи се случуваат низ целиот свет, и истите се неочекувани и трагични по човечката популација. Со оглед дека во светот постојат специјализирани институции и поединци кои педантно бележат и објавуваат податоци за смртоносните природни појави, сега имаме можност да се потсетиме на оние најекстремните. Научникот Џемс Даниел, вработен во Технолошкиот институт во Карлсруе поседува архива во која се забележани сите 35.000 катастрофи што се случиле минатиот век. Во оваа прилик ќе ги спомнеме навистина најголемите катастрофи. Прва катастрофа на тој застрашувачки список е секако поплавата во Кина која се случила во 1931 година. Во поплавата загинале речиси 4 милиони луѓе. Соседниот Пакистан, четириесет години подоцна, го погодил циклонот „Бола“ со брзина од 185 километри на час и во смрт однел речиси пола милион луѓе. Можеби од поплава и може да се избега, но кога се во прашање земјотресите и ерупциите на вулкани, тогаш не постои можност истите да бидат избегнати. Најсилниот земјотрес во човековата историја е забележан на 22 мај 1950 г. во Чиле и изнесувал 9,5 степени според Рихтер. Земјотресот се случил во градот Валапараис и во него загинале околу 2000 луѓе. Но, најсмртоносниот потрес на Земјата се случил во Кина во 1556 година. Во овој потрес, на простор со радиус од 840 километри, загинале сите жители, поточно 830.000 луѓе. Најголемата ерупција на вулкан се случила на 8 мај 1902 година на француските остров Мартиник, кога животот го загубиле 30.000 лица. Најстрашниот торнадо се случило во Бангладеш на 26 април 1989 година, при што животот го загубиле 1300 луѓе.

Од многубројните статистички податоци поврзани со природни катастрофи, секако најапсурден е настанот што се случил за време на Првата светска војна. Имено, на фронтот на Алпите, на италијанско-австриската граница, за првпат во една катастрофа е забележана „соработка“ на човекот и природата. Во жестоката битка, водена со топови, била предизвикана лавина во која животот го загубиле војниците од двете завојувани страни. Според воените архиви, под снегот вечно останале околу 80.000 војници



Миле Раденковиќ



# Кузма Сергеевич Петров-Водкин

## Соцреалистичка икона и предвесник на општествените промени

Кузма Сергеевич Петров-Водкин е роден во Хвалинск (Саратовска област) во семејство на локален чевлар. Неговото запознавање со уметноста е уште во раното детство, кога посетувал часови и добивал лекции од неколку иконописци, сликајќи на табла и изучувајќи го класичниот руски иконопис. Сепак, Петров-Водкин себеси не се гледал како сликар или иконописец во тоа време и не мислел да продолжи со тоа што го изучувал, па летото после завршувањето на средното образование тој се вработува во едно мало бродоградилиште со намера и желба подоцна да се запише на Железничкиот факултет во Самара. По неуспехот на приемниот испит, тој повторно се насочува кон кон уметноста и почнува да ги посетува „Уметничките часови на Федор Буров“ во 1896 година. Но, во април 1895 година Буров починал и во тој период  Петров-Водкин самостојно се занимавал со различни сликарски работи во околината на Саратов. Но, еден настан конечно  ќе ги промени неговите прилики и конечно ќе може да ги покаже своите квалитети и неговиот сликарски живот конечно ќе тргне во вистинска насока. Имено, сосем случајно, работодавецот на неговата мајка ќе го покани на гости познатиот архитект Роберт Мелцер, којшто ќе се запознае со Петров-Водкин  и Мелцер веднаш ќе биде импресиониран и ќе го покани Водкин да студира уметност во Санкт Петербург. Неговото образованието било финансирано од добротворни донации од локалните трговци. Исто така, тој имал и случајна средба со Виктор Борисов-Мусатов, којшто во тоа време бил познат сликар во Саратов. Откако Мусатов го видол неговиот талент, Водкин бил охрабрен да продолжи со студиите. Петров-Водкин престојувал во Санкт Петербург од 1895 до 1897 година, студирајќи на академијата „Штиглиц“, пред да се пресели во Московската школа за сликарство, скулптура и архитектура. Таму Петров-Водкин бил во класата на Валентин Серов и на Исак Левитан, но и во класата на Константин Коровин. Специфично за неговото најрано сликарство е тоа што тој на свој посебен начин ја користел кривата на Земјината топка, како ефект на перспективно прикажување на сцените кои ги обработувал, па оттаму, поради темите кои ги обработувал, неговите слики биле сметани за богохулие од страна на Руската православна црква. Во 1901 година Кузма Сергеевич Петров-

> Кузма Сергеевич Петров-Водкин е руски, а подоцна советски сликар. Со помош на советската влада, тој, во постреволуционерните години неколкупати патувал низ Советскиот Сојуз, создавајќи многу дела со дидактички цели и станува дел од таканаречениот соцреализам

Водкин патува на студиски престој во Минхен каде што посетува часови кај Антон Ажбе. Дипломирал во 1904 година. Уште за време на факултетските години, Петров-Водкин успеал да влезе во конфликт со Руската православна црква, која ја отфрлила неговата работа на капелата во Самара и на крајот ја прогласува за неприфатлива и ја уништува. Голем број од неговите рани дела се сметале за премногу еротски. Неговото прво добро познато дело е „Сонот" (1910), слика што предизвикала силна дискусија помеѓу современите руски уметници. Главниот бранител на сликата бил Александар Беноа, а негов главен клеветник бил Илја Репин , односно, за Петров-Водкин разговарале двајца од најголемите руски сликари од тоа време. Други негови попознати дела од тоа време се „ Момчиња во игра", особено делото „Капење на црвениот коњ" (1912), кое, всушност, е неговото најпознато дело, дело кое се смета за симбол на претстојните општествени промени. Ова дело се смета за класика и во извесна смисла претставува заштитен знак за уметникот. Со помош на советската влада, тој, во тие постреволуционерни години патува низ Советскиот Сојуз, создавајќи многу дела со дидактички цели и станува дел од правецот наречен социореализа. Во 1927 година Петров-Водкин заболел од белодробна туберкулоза, така што тој неколку години не сликал. Во тој период тој се врти кон литературата и пишува три полуавтобиографски тома, „Хлиновск", „Евклидовиот простор" и „Самаркандија". Првите две дела се сметаат на исто ниво со најдобрата руска литература од тоа време. Пролетта 1932 година, Централниот комитет на Комунистичката партија донел декрет дека сите постоечки литературни и уметнички групи и организации треба да се распуштат и да се заменат со обединети здруженија на креативни професии. Соодветно на тоа, Ленинградскиот сојуз на уметници се основал на 2 август 1932 година, со што се става и крај на историјата на постреволуционерната уметност и започнува епохата на советската уметност, а Петров-Водкин е избран за прв претседател на Ленинградскиот сојуз на уметници. До средината на 1960-тите, Петров-Водкин речиси и да бил заборавен во Советскиот Сојуз, но по случајното реобјавување на неговото автобиографски записи, во периодот кога веќе бил заборавен, тоа привлекло големо внимание, пофалби и предизвикало повторно оживување на неговото сликарство, така што во 1970 година тој повторно си го добива заслуженото место и станува икона на едно бурно време. Починал во 1939 година од туберколоза во Ленинград.

м-р Трајче Чатмов







# „Еден живот“

*„Оној којшто ќе спаси еден живот, го спасил целиот свет“*

Филмот „Еден живот“, во режија на Џејмс Хоус, е филм од поновата филмска продукција, филм кој секако треба да се изгледа, бидејќи претставува потсетник на тоа дека и најмалиот акт на добрина може да има големо влијание во светот. Протагонистот во филмот „Еден живот“, Николас Ники Винтон (Ентони Хопкинс) смета дека не направил доволно со тоа што во Чехословачка спасил само 669 луѓе, пред сè еврејски деца од нацистичките прогони. Овој филм според тематиката потсетува на филмот „Шиндлеровата листа“, бидејќи ја потенцира пораката дека „оној којшто ќе спаси еден живот, го спасил целиот свет“. Исто така, децата кои ќе ги спаси Николас се нарекуваат себеси „Никиеви деца“, што потсетува на она „Ние сме Шиндлеровите Евреи“. Но, иако навидум изгледа филмот е копија, сепак филмот „Еден живот“ не е копија на филмот „Шиндлеровата листа“ ниту, пак, Николас го имитира главниот протагонист во филмот, иако го нарекуваат „Британскиот Шиндлер“. Имено, Винтон ги спасил децата пред почетокот на Втората светска војна, дејствувајќи неколку години порано од Шиндлер. Тој не се експонира со своето херојско дело заради кое е прогласен за витез од страна на кралицата Елизабета Втора, туку за истото се дознава дури во осумдесеттите години од минатиот век, па затоа е и помалку познат од Шиндлер.

Приказната на филмот „Еден живот” во режија на Џејмс Хоус и косценаристката Лусинфа Коксон е поделена на два наративни, односно временски колосеци. Во едниот го следиме Винтот при крајот на осумдесеттите години, потточно во 1988 г. кога живее со својата сопруга Лена (Лена Олин). Дејствието започнува кога Ники решава да расчистува стари работи во домот и ја пронаоѓа актовката со документи и фотографии од спасувањето на децата во доцните триесетти години на 20 век во Прага. Старриот Винтон доживува воен флеш-бек и филмот нè враќа педесет години наназад, во 1938 година, кога тој имал дваесет и девет години (Џони Флин), во моментот кога пристигнува од Лондон во Прага. Таму ги гледа бегалците кои се многубројни, затоа што многу еврејски фамилии побегнале во Прага пред нацистите во Германија и во Австрија. Тука тие живеат во ужасни услови во импровизирани шелтери без храна, во влажни и преполнети кампови. Свесен дека децата тешко ќе ја преживеат зимата, Винтон решава да преземе нешто заедно со хуманитарката Дорин Воринер( Ромола Гараи) и со Тревор Чадвик (Алекс Шарп) од Британскиот одбор за бегалци во Чехословачка, како и со помош на својата мајка Бабет од Лондон (Хелена Бонам Картер), која упорно ги убедува Британците дека овие луѓе се во опасност, во што британската влада во тој миг одбива да поверува.

Тогаш започнува трката за спасување животи, пред затворањето на границите, односно пред Хитлеровата инвазија и почетокот на Втората светска војна. Винтон ја започнува координацијата за масовен транзит на стотина деца од една земја во друга. Паралелно со тоа, дејството полека повторно се префрла во осумдесеттите и покажува како стариот Винтон нагласува дека неговите документи



од Втората светска војна се мошне релевантни за денешно време, реферирајќи на имигрантскиот бран во осумдесеттите, но и на актуелните случувања со мигрантската криза денес. Дури кога документите на Винтон ќе завршат на телевизијата „Би Би Си“, во популарната емисија „Тоа е животот“ на водителката Ештер Рантцен (Саманта Спиро), неверојатното постигнување од неговите млади денови, тогаш најпосле ќе стане познато за јавноста.
За жал, празните страници без фотографии во дневникот на Винтон го симболизираат последниот воз кој никогаш не стигнал до Лондон. Кога водителката на емисијата „Тоа е животот” ќе го изненади Винтон со присуството на тогашните деца коишто ги спасил, сега возрасни луѓе, сцената станува многу емотивна и сентиментална, но и многу моќна, благодарение, пред сѐ, на актерот Ентони Хопкинс, кој маестрално ја доловува долго потиснатата, а сега конечно ослободена емоција на Николас Ники Винтон.
Во филмот „Еден живот” режисерот Хоус одлично ја завршил својата работа, што и не е така едноставно за изведување. Најголем предизвик бил да се прикажат двете времиња (мрачните триесетти и топлите осумдесетти години на 20 век) и дополнително да се вметнат двајца различни ликови во еден лик ист лик. Тука е видлива добрата соработка помеѓу Хопкинс и Флин, кои имаат заеднички елементи во движењето и во говорот, за да се стекне претстава дека се работи за еден ист лик во различни



времиња.
Сценариото следи две приказни кои се надополнуваат. Па, така, првата е фокусирана на 1988 година и на остарениот Винтон (Ентони Хопкинс), непосредно пред да се дознае за неговиот хуманитарен подвиг, а втората приказна го следи како млад човек (Џони Флин), којшто пристигнал во Прага во 1938 година. Режисерот на филмот, Џејмс Хоус, добро ги има избалансирал и двете приказни. Приказната, која го прикажува младиот Винтон е исполнета со повеќе напрегнати ситуации. Но, сепак, како режисерот да не сака многу да ги вознемири гледачите, па тие тензии не се претерани, а повторно даваат еден верен приказ на хаотичната состојба пред почетокот на Втората светска војна и сите дотогашни настани со коишто се занимаваат ликовите во филмот.
Но, затоа, филмот моќно ја претставил приказната поврзана со остарениот Винстон. Уште од првиот кадар, повеќе од јасно е дека ниту еден гледач нема да остане рамнодушен. Филмот, кај гледачите ќе предизвика многу емоции. Во најголем дел, заслугата за оваа извонредна приказна е на актерскиот великан Ентони Хопкинс со својата улога во филмот, којшто во овој филм уште еднаш го докажал своето актерско мајсторство.
Филмот „Еден живот“, всушност, му оддава признание на еден голем човек – Винтон, со тоа што оваа вистинска приказна ја пренел и на филмското платно.

Ивана Лазаревиќ



**Режија:** Џејмс Хоус

**Улоги:** Ентони Хопкинс, Хелена Бонам Картер, Џони Флин, Лена Олин, Ромола Гараи, Алекс Шарп, Џонатан Прајс

**Жанр:** биографска драма

**Сценарио:** Лусинда Коксон, Ник Дрејк

**Продуцент:** Џоана Лори, Лејн Канинг, Емили Шерман, Гај Хелеј

**Дистрибутер:** Ворнер Брос Пикчрс( Обединето Кралство), Блекер Стрит( САД)

**Кинематографија:** Зак Николсон

**Музика:** Волкер Бертелман

**Монтажа:** Луциа Зучети

**Година:** 2023

**Јазик:** Англиски

**Земји:** Австралија, САД, Обединетото Кралство,

**Времетраење:**110 минути

**Буџет:** 54  милиони долари



# Рај за очи, мир во ду
# Тето

На дваесетина километи од Тетово се наоѓа селото Беловиште. До селото се стигнува по патот што води до граничниот премин Јажинце. Селото Беловише се наоѓа на надморска височина од околу 900 метри, што му овозможува да има убава клима и чист водух.
Селото Беловиште нема многу жители, а и тие што живеат во селото Беловиште главно се повозрасни луѓе, кои останале во Беловиште, во прекрасното село со живописна природа која вреди да ја посетите, да уживате во чистиот водух, во жуборењето на реката Беловишка, водопадите и пеењето на птиците. Тука тече и лековита вода.
Селото Беловиште е идеално место за одмор и релаксација. Шетајќи по околината на селото, можете да ја посетете црквата „Св. Петка“, која се наоѓа во горниот дел од селото накај водопадите. Во близина се наоѓа и црквата „Св. Богородица“, која е изградена во почетокот на 20 век, со убав живопис, како и црквата „Св. Јован Крстител“, а тука се и двете археолошки наоѓалишта „Градиште“ и „Поле“, коишто се населби од доцноантички период.
„Петочко Водиче“ е веднаш над селото Беловиште и е излетничко место каде што има поставено клупи за седење. Има и места за подготвување скара каде може самите да го приготвите оброкот и да уживате во убавините. А, доколку сакате само да уживате, без многу да се мачите, посетете ги неколкуте ресторани кои нудат вкусна храна, ама има и добра услуга. Некои фирми инвестирале во пренoќевалишта со базени за капење и уживање во прекрасната природа, кои сакале да привлечат луѓе да дојдат тука и да побегнат од градскиот метеж.
Нема да зажалите ако решите да го посетите селото Беловиште. Барем на еден ден заборавете на урбаниот хаос и уживајте во убавата недопрена природа, додека сѐ уште не пднал снег. По прошетката ќе бидете свежи, одморени и полни со енергија за наредниот ден. Исто така, ќе бидете полни со импресии кои ќе ги споделувате долго време, како што ние ги споделуваме со вас.

Каролина Мицевска
Фото: Зоран Василески



# шата во с. Беловиште,
# вско













